# POLICE DEVELOPMENT STRATEGY
# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА
# 2016-2020



Јануари 2016

Project funded by the European Union
Проект финансиран од Европската Унија

**Project funded by the European Union**
**Проект финансиран од Европската Унија**

**“Further Institution and Capacity Building of the Police Service (FICB PS) in the Area of Border Management, Community Policing and Fight against Organized Crime”**

Operational Programme Technical Assistance for Institutional Building TAIB 2010
Project Reference Number: EuropeAid/133632/IH/SER/MK

• • •

**„Понатамошна институционална надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работата на полицијата со заедницата и борба против организираниот криминал“**

Оперативна програма Техничка помош за институционална надградба ТАИБ 2010
Проектен референтен број: EuropeAid/133632/IH/SER/MK

**Project implemented by | Проектот е имплементиран од:**

**Business & Strategies Europe Consortium**

The Contracting Authority is the Central Financing and Contracting Department (CFCD) of the Ministry of Finance.
Договорен орган е Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) во Министерството за финансии.

**Project contact | Контакти:**

Dimce Mircev 9, 1000 Skopje

☎ +389 (2) 333 4430 / 4431

✉ info@ficb-police-service.mk

www.ficb-police-service.mk

The contents presented in this brochure are the sole responsibility of B&S Europe and its consortium partners and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

Содржините презентирани во оваа брошура се целосна одговорност на B&S Europe и нивните партнери од Конзорциумот, и на ниеден начин не може да се смета дека ги рефлектираат гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

СОДРЖИНА......3
СПИСОК НА КРАТЕНКИ......6
ВОВЕД......7
МИСИЈА......8
ВИЗИЈА......8
МЕТОДОЛОГИЈА......8
СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ (БЈБ)......9
**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ПОЛИЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА СО КРИМИНАЛОТ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ**......10
1.1. Конкретна цел: Зајакнување на форензичките капацитети на полицијата......10
1.2. Конкретна цел: Компјутерски криминал и дигитална форензика......11
1.3. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите на БЈБ во борбата против тероризмот......13
1.4. Конкретна цел: Зајакнување на административниот капацитет на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК) за борба против криминалот......15
1.5. Конкретна цел:Зајакнување на капацитетите на Единицата за финансиски криминал......17
1.6. Конкретна цел: Унапредување на стандардите за анализа на криминал и зајакнување на капацитетите на истрагите на меѓународните случаи и формирање на леднички истражни тимови во случаи на транснационален криминал......17
1.7. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите за криминалистички истраги......18
1.8. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите на криминалистичко разузнавачката анализа во Бирото за јавна безбедност......19
**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: МОДЕРНИЗАЦИЈА И СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА СО КОРИСТЕЊЕ СОВРЕМЕНИ МЕТОДИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ЗАДАЧИ И ДОЛЖНОСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОБРИТЕ ПРАКТИКИ НА ЕУ**......21
2.1.Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите за управување со децентрализираниот буџет на регионално ниво......21
2.2. Конкретна цел: Модернизација на информатичкиот систем на БЈБ......21
2.3. Конкретна цел: Електронски систем за документација (Систем за управување со документи) 22
2.4. Конкретна цел: Класифицирани информации......22
2.5. Конкретна цел: Зајакнување на физичките капацитети на Секторите за внатрешни работи и полициските станици......23

2.6. Конкретна цел: Зајакнување на ефективноста на Единицата за службени кучиња на централно и регионално ниво......24

2.7. Конкретна цел: Оддел за воздухопловни единици......25

2.8. Конкретна цел: Основна и континуирана обука......26

2.9. Конкретна цел: Подобрување на ефикасноста и јакнење на капацитетите на единиците на ОСПО за справување со вонредни ситуации (протести, немири и сл.)......28

2.10. Конкретна цел: Обновување на старите возила......30

2.11. Конкретна цел: Реорганизација на БЈБ......30

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ И РЕГИОНАЛНИТЕ ЦЕНТРИ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА БОРБАТА ПРОТИВ ПРЕКУГРАНИЧНИОТ КРИМИНАЛ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА**......31

3.1 Конкретна цел: Оптимизирање на организациската структура и подобрување на инфраструктурата......31

3.2. Конкретна цел: Развивање и зајакнување на капацитетот за ефективно и ефикасно користење на човечките и техничките ресурси во Одделот за Гранични работи и миграции и Регионалните центри за Гранични работи......33

3.3. Конкретна цел: Разгледување на одговорностите при прифаќање и сместување на мигранти согласно барањата и стандардите на ЕУ......34

3.4. Конкретна цел: Подобрување на оперативните капацитети на Мобилната единица за поддршка......35

3.5. Конкретна цел: Подобрување и зајакнување на капацитетот за проверка на патни документи во согласност со барањата и најдобрата практика на ЕУ......36

3.6. Конкретна цел: Понатамошно развивање на меѓународната соработка и зајакнување на ефективноста на интер-агенциската соработка......37

3.7. Конкретна цел: Зајакнување на оперативната ефективност преку подобрување на можностите за откривање, пресретнување, мобилност и реакција......38

3.8. Конкретна цел: Понатамошен развој на управувањето со ризик и анализа на ризик согласно барањата и најдобрата практика на ЕУ......39

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4: ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ НА ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВОТО НА ДОВЕРБА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И ПОЛИЦИЈАТА, ВКЛУЧУВАЈЌИ И ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**......40

4.1. Конкретна цел: Зголемување на капацитетите во борбата против корупцијата во согласност со барањата на ЕУ преку развој на конкретна политика......40

4.2. Конкретна цел: Истраги на корупција во полицијата и развивање на ефективен и соодветен метод за филтрирање на лажни пријави на граѓани, и соодветно зголемување на свеста кај граѓаните......41

4.3. Конкретна цел: Развој на процес за професионална и континуирана едукација за борба против корупција во согласност со најдобрите практики на ЕУ......42

4.4. Конкретна цел: Зајакнување на работата на полицијата со заедницата......43

4.5. Конкретна цел: Зајакнување на нивото на доверба во полицијата со посебен фокус на меѓуетничките односи и примена на родовиот принцип......44

4.6. Конкретна цел: Развој на стандарди за простории за интервју со деца - жртви......45

4.7. Конкретна цел: Јакнење на техничките капацитети на просториите за задржување во полициските станици......46

4.8. Конкретна цел: Превенција и Управување со кризи......46

4.9. Конкретна цел: Обезбедување и заштита на определени личности и објекти......47

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: СЕОПФАТЕН ПРИСТАП ВО ПОГЛЕД НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ......48**

5.1. Конкретна цел: Човечки ресурси......48

5.2. Конкретна цел: Систем на кариера базиран на заслуги......49

5.3. Конкретна цел: Нов изглед и униформа за полицијата......50

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВОТО НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА И БЕЗБЕДНОСТА ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ......51**

6.1. Конкретна цел: Безбедност во сообраќајот на патиштата......51

6.2. Конкретна цел: Употреба на аудио-видео систем за време на интеракцијата со граѓаните......52

6.3. Конкретна цел: Оперативен комуникациски центар......53

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 7: ПОДОБРУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА 55**

7.1. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите на Националниот координативен центар за организиран и сериозен криминал......55

7.2. Конкретна цел: Зголемување на бројот на билатерални полициски офицери за врска надвор од земјата и во меѓународните организации......56

7.3. Конкретна цел: Овозможување директен пристап за персоналот на СМПС до сите полициски бази на податоци со цел подобрување на меѓународните капацитети......56

7.4. Конкретна цел: Зголемување на капацитетите на национално ниво за пристап до меѓународните бази на податоци......56

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 8: МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА......57**

8.1. Конкретна цел: Дефинирање на улогата на Единицата за стратешко планирање при БЈБ......57

# СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| AQM | Assurance Quality Mechanism / Механизам за обезбедување на квалитетот |
| BCP | Border Crossing Points / Гранични премини |
| BPS | Border Police Station / Гранична полициска станица |
| CI | Classified Information / Класифицирани информации |
| CSI | Crime Scene Investigation / Истрага на местото на настанот |
| EU | European Union / Европска Унија |
| IOCTA | Internet Organized Crime Threat Assessment / Проценка на закани од организиран криминал на интернет |
| MoI | Ministry of Interior / Министерство за внатрешни работи (МВР) |
| NATO | North Atlantic Treaty Organization |
| NCC | National Coordination Center / Национален координативен центар |
| NCO | National Central Office / Национална централна канцеларија |
| NSA | National Security Agency / Национална агенција за безбедност |
| OSCE | Organization for Security and Co-operation in Europe / ОБСЕ |
| PESTEL | Political, Economic, Social, Technological, Environmental and Legal |
| PSB | Public Security Bureau / Биро за јавна безбедност (БЈБ) |
| RCBAM | Regional Centre for Border Affairs and Migration / Регионален центар за гранични работи и миграции |
| SCCDF | Sector for Cyber Crime and Digital Forensics / СККДФ |
| SCHSI | Sector for Covert Human Sources of Information / Сектор за прикриени човечки извори на информации |
| SIA | Sector for Internal Affairs / Сектор за внатрешни работи (СВР) |
| SICPS | Sector for Internal Control and Professional Standards / Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди |
| SOCTA | Serious Organized Crime Threat Assessment / СОКТА |
| SOP | Standard Operating Procedures / СОП |
| SOSCD | Suppression of Organized and Serious Crimes Department / ОСОСК |
| SWOT | A type of analysis used to measuring strengths, weaknesses, opportunities and threats / Вид на анализа на за мерење на силните и слабите страни, можностите и заканите |



## ВОВЕД

Стратешкото планирање има суштинско значење за обезбедување континуитет во спроведувањето на политиките и долгорочните стратешки приоритети и цели на Владата во областа на внатрешните работи. Министерството за внатрешни работи (МВР) ја одреди својата улога и квалитетот на работата, и ги идентификуваше предизвиците и индивидуалните потенцијали во рамките на стратешкото планирање. Но, и покрај тоа што Министерството продолжува континуирано да работи со добро дефинирани политики врз основа на приоритетите на Владата, се издвои потребата за фокусирање врз потребите на Бирото за јавна безбедност (БЈБ), со цел да се идентификуваат предизвиците кои влијаат врз ефикасноста на полицијата.

Со цел да се постигне успешна реализација на поставените цели, Стратегијата за развој на полицијата првенствено ја одредува мисијата и приоритетите на Бирото за јавна безбедност, а развојот на полицијата го темели на 4 главни столбови и тоа: управување со ресурсите, работа на полицијата со заедницата, успешно справување со криминалот и учење и развој. Со цел да се зголемат ефективноста и ефикасноста, потребно е да се поедностави организациската структура и да се унапреди методологијата на работа, заради најефективно искористување на ресурсите. БЈБ мора да избегнува дуплирање на услугите и да овозможи принципите на сигурно финансиско управување (ефективност-ефикасност-економичност) да бидат имплементирани во пракса.

Дополнително, со имплементација на стратегијата и реализацијата на утврдените стратешки приоритети на БЈБ ќе се постигне зголемување на ефикасноста на полицијата врз основа на новата методологија за работа, која е компатибилна и релевантна со најдобрите практики на европските полициски служби и нивните општи стандарди.

Од особено значење при имплементацијата на стратегијата и трансформацијата што ќе следи, ќе биде сите припадници на полицијата да изградат силно лично чувство на сопственост и припадност кон заедницата, бидеќи единствено тие ќе придонесат кон постојаност и успех.

Важен и единствен предуслов за реализација на некои од поставените цели е соодветна измена на постоечката законска легислатива.

## МИСИЈА

Унапредување на полициската служба која ја ужива довербата на сите граѓани во земјата и која ги гарантира, штити и ги почитува основните права и слободи, без дискриминација по било која основа. Дел од мисијата е развој и зајакнување на проактивен модел на полициско работење кој ќе обезбеди повисоко ниво на заштита на животот, имотот и личната безбедност на граѓаните, како и брз и ефикасен одговор на полицијата на сите можни предизвици.

## ВИЗИЈА

Визијата на МВР е да се обезбеди владеење на правото и етичка и професионална работа на вработените, како и развој на концептот на полициско работење водено од информација, кој во својот делокруг го сублимира полициското работење во заедницата. Со развиена организациска структура и воспоставени партнерски односи со граѓаните, и во согласност со стандардите на ЕУ, да се овозможи побезбедно живеење на граѓаните.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Структурата на Стратегијата за полицијата беше одредена на 27-ми март, 2015 година, во присуство на Директорот и Помошниците директори на Бирото за јавна безбедност, претставници од ЕУ и ОБСЕ. Беше договорено дека Стратегијата која ќе се изготви ќе биде и сеопфатна и функционална во исто време. Спроведувањето на Стратегијата ќе биде регулирано со Акциски план со утврдени финансиски средства потребни за реализација на целите. Стратегијата се базира на издржани аргументи и вклучува модалитети за нејзино имплементирање како и проценка на постигнатите резултати. Стратегијата претставува концизен документ во кој се нагласени стратешките и конкретните цели.

Со цел да се добие мислењето на полицијата од различни перспективи, беа организирани повеќе од 100 состаноци на централно, регионално и локално ниво, при што беше користен механизам за осигурување на квалитетот (assurance quality mechanism AQM). Заедно со раководството на Секторите за внатрешни работи (СВР) и на Регионалните центри за гранични работи (РЦ за ГР) беа направени 12 SWOT анализи (анализа на јаки и слаби страни, можности и закани) со кои се утврди кои активности е потребно да се преземат за да се подобрат јаките страни, да се елиминираат слабостите, да се искористат можностите и да се спречи реализирањето на заканите, или пак минимализирање на нивното влијание.

Преку одржаните состаноци помеѓу интернационалните експерти и претставниците на БЈБ, се доби јасна слика за полицијата од секоја перспектива, вклучувајќи го мислењето на граѓанската заедница,

невладините организации, јавното обвинителство, судот, академската јавност, градоначалниците и медиумите.

Стратегијата за развој на полицијата се базира на наодите и препораките дадени во релевантните извештаи, препораките и најдобрите практики на земјите на ЕУ, резултатите од средби со претставниците на надлежните организациски единици во Министерството за внатрешни работи, како и мислењата на други експерти на ЕУ кои се вклучени во активностите на проектот. При изготвување на Стратегијата за развој на полицијата беа земени предвид: „Стратешкиот план за МВР за 2014-2016", „Стратешкиот план за МВР за 2016-2018", „Стратегија за превенција 2009-2011", „ОБСЕ Стратегијата за развој на полицијата 2009-2011‟, „Националната стратегија за борба против тероризмот 2011-2015‟, „Извештајот за прогрес од ЕУ од 2013, 2014 и 2015 година‟, „Планот за комуникација на МВР„, „Прирачникот на Одделот за информатика и телекомуникации‟, „Стратегијата за граничната полиција‟, „Извештајот за проценката на потребите во борбата против корупцијата-2015‟, „Националната стратегија за борба против корупцијата‟, „Стратегијата на МВР за борба против корупцијата", „Проценката на потребите за компјутерски криминал и дигитална форензика-2015‟, „Програма за гранична полиција за 2015-2017", „Стратегијата за човечки ресурси на МВР (2014-2018)„, втората "Национална стратегија за развој на интегрирано гранично управување за 2015-2019 година", „Националната стратегија за борбата против трговијата со луѓе и илегалната имиграција (2013-2016)‟, „Акциониот план за трансформација на регионалните полициски станици – 2007‟, „Втора национална стратегија на РМ за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 година‟ и „Извештајот за проектот EuropeAid / 135078 / SUP / МК‟.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

За квалитетно исполнување на мисијата и визијата, стратегијата е поделена во 8 (осум) стратешки цели, кои се фокусираат на криминалните истраги, финансиите и единиците за поддршка, граничните работи, транспарентното и демократското полициско работење, ефективното користење на ресурсите, и соработката. Стратешките цели се елаборирани преку 46 конкретни цели наведени подолу во текстот.

Треба да се напомене дека редовните трошоци, како што се трошоци за гориво за полициските возила, униформи, трошоци за плати, наемнини, опрема и мрежа, не се вклучени во калкулацијата на буџетот.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ПОЛИЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА СО КРИМИНАЛОТ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ



### 1.1. Конкретна цел: Зајакнување на форензичките капацитети на полицијата

**Актуелна состојба:** Законот за кривична постапка наложува исклучително важна улога на Одделенијата за криминалистичко технички истраги на место на настан и форензичките лаборатории, што значи дека секоја судска пресуда мора да биде донесена врз основа на форензички докази. Пронаоѓањето, вештачењето и анализата на материјалните докази се целосно поддржани од концептот на научна истрага во согласност со ISO / IEC стандардите.

**Очекувани резултати:** Развојот на форензичкиот концепт базиран врз најдобрите практики и стандарди на ЕУ, ја зголеми ефикасноста и ефективноста на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења. Следниот чекор за наредните пет години е да се зајакнат капацитетите на форензичките лаборатории и Одделенијата за криминалистичко технички истраги на место на настан, на централно и на регионално ниво. Во овој контекст, многу е важно да се изгради целосно нова зграда која ќе обезбеди целосна акредитација на форензичките лаборатории на централно ниво, за да се добие акредитација во согласност со ISO / IEC17025 во областа на ДНК идентификација, анализа на дрога, анализа на потписи, како и развој на латентни отпечатоци. Следниот чекор ќе биде да се поддржат регионалните одделенија за акредитација согласно ИСО17020 и да се овозможи анализа на латентни отпечатоци и анализа на механички траги.

За да се постигне оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Зајакнување на просторните капацитети на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења (изградба на комплетно нова зграда), со што ќе се обезбеди целосна акредитација на лабораториите според ISO / IEC17025;
- Децентрализација на основните форензички анализи или прелиминарна анализа во областа на латентни отпечатоци и механички траги;
- Реконструкција на 4 регионални одделенија за криминалистичко технички истраги на место на настан во Тетово, Штип, Битола и Струмица (ако е можно на сите), во согласност со ISO / IEC17020;
- Да се обезбеди нова опрема;
- Вработување на технички персонал за работа во регионалните канцеларии;
- Да се набави софтвер за испитување и анализа и релевантниот хардвер за поддршка на постојните и новите барања за истражување.

Со цел да се подобри Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења, како и Одделенијата за криминалистичко технички истраги на место на настан на централно и регионално ниво, треба да се стави фокус на унапредувањето на информатичката технологија и ИТ сигурноста. Одделот за форензика (ОКТИВ), во склоп на својата ИТ инфраструктура, за да може да ги примени потребните сертификати според ИСО 17025 и 17020, треба да ги прифати стандардите за ИТ безбедност ИСО 27001, 27002 и 27003 кои се поврзани со активностите за складирање, безбедност и процесирање на електронските и дигиталните податоци.

Од друга страна пак, стабилната и подобрена логистика на овој Оддел ќе го оправда фактот дека е потребно да се почне со употреба на напреден систем за постапување со докази, со можност за директно следење на доказите и анализите. Следењето на единиците на терен и нивните активности, следењето на доказите од самиот почеток, приемот на доказите во одделот и исходот од резултатите од анализата се исто така клучни елементи за навремено да се добие правилна и квалитетна анализа на производ. Според тоа, работењето со соодветно ИТ решение, кое ќе се примени според претходно споменатите стандарди за ИТ безбедност, ќе значи правилно насочување на активностите.

### 1.2. Конкретна цел: Компјутерски криминал и дигитална форензика

**Актуелна состојба:** Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика (СККДФ) е формиран во рамките на Министерството за внатрешни работи во октомври 2013 година, со цел успешно справување со посериозни истраги за компјутерски криминал, јакнење на капацитетите за учество во интернационални истраги, обука на полициски службеници во полето на компјутерскиот криминал и зголемување на капацитетите за дигиталната форензика, а во функција на побрзо и поефикасно добивање на електронски докази потребни за истрагата.

Во моментот во СККДФ работат 22 лица, од кои 5 лица се сертифицирани компјутерски форензичари. СККДФ во изминатите две години покажа забележителни резултати, како во истрагите за компјутерски криминал така и во дигиталната форензика, и ќе настојува и понатаму успешно да се развива и да се справува со сите форми на компјутерски криминал.

**Очекувани резултати:** Со цел да се обезбеди професионален и сериозен пристап во случаите поврзани со компјутерски криминал, потребно е:

- Обучен кадар
- Соодветни материјално технички ресурси
- Систем за приоретизација на предмети
- Ефикасно и навремено решавање на предметите врз основ на пропишани законски акти
- Стандардни оперативни процедури.




Со формирањето на новите Отсеци за компјутерски криминал и дигитални докази во рамките на секое СВР, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика ќе настојува да изврши децентрализација на дел од активностите насочени кон истраги на компјутерски криминал и да се насочи кон разрешување на посериозни и покомплексни случаи на компјутерски криминал, како анализа на малвер (malware), интернет измами, социјален инженеринг, напад на мрежа, напади на критична инфраструктура, злоупотреба на деца преку Интернет, даркнет (darknet) и др.

Стратешка цел на Секторот за компјутерски криминал е да воспостави организациска единица која ќе располага со обучен кадар и материјално технички ресурси кои ќе овозможат успешно справување со новите предизвици и форми на компјутерски криминал, согласно законските правила и процедури.

Оваа цел СККДФ ќе ја исполни преку:

- Превземање на мерки и активности за превенција и откривање на случаи поврзани со компјутерски криминал;
- Проактивно дејствување за лоцирање и идентификување на сторители на кривични дела од областа на компјутерскиот криминал;

- Откривање и спречување на посериозни форми на компјутерски криминал, особено на дела насочени кон критичната информатичка инфраструктура на земјата;
- Активно учество во регионални и меѓународни истраги од областа на компјутерскиот криминал;
- Давање на подршка на сите новооформени отсеци во рамките на сите СВР во истрагите за компјутерски криминал со цел намалување на големиот број на предмети кои влегуваат во лабораторија и зголемување на бројот на решени предмети;
- Воспоставување и активно ажурирање на електронски ситем за регистрирање (online registration system) кој ќе овозможи лесно пријавување на случаи од областа на компјутерскиот криминал;
- Учество на обуки, семинари и конференции кои ќе придонесат за континуирана надградба и едукација за ефикасно решавање на случаите поврзани со компјутерски криминал и запознавање со новите видови на компјутерски криминал;
- Контрола на квалитетот на превземените активности;
- Активно информирање на населението за новите форми на компјутерски криминал;
- Усовршување на вештините и техниките за анализа на електронски доказен материјал, вклучувајки воспоставување на процедури и нивна примена за собирање на податоци од вклучена машина и имплементирање на тријаж (triage) метода за побрзо и поефикасно пронаоѓање на докази од место на настан;
- Акредитација и сертификација на лабораторијата за анализа на електронски доказен материјал;
- Градење на систем кој ќе овозможи мотивираност на вработените;
- Поголема соработка со судските органи, приватниот сектор и Универзитетите во Република Македонија;
- Формирање на работна група која ќе ги следи препораките од Советот на Европа, iОСТА, ENISA, и активно ќе работи на нивно имплементирање;
- Обезбедување на просторни услови и нивно опремување, каде двете Одделенија ке можат да функционираат заедно;
- Обезбедување на нови и надградба на старите форензички алатки кои се користат за анализа на електронски доказен материјал.

### 1.3. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите на БЈБ во борбата против тероризмот

**Актуелна состојба:** Генерално, борбата со тероризмот ја водат службите за разузнавање. Во некои земји постои одлична соработка помеѓу полицијата и тајните служби. Во други земји пак, недостасува таа соработка со што се попречува борбата против тероризмот.

Носител на борбата против тероризмот е Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), која е исто така поддржана од други релевантни институции, вклучувајќи го тука и Бирото за јавна безбедност (БЈБ). Сепак, потребно е дефинирање на улогата на БЈБ во борбата против тероризмот. Исто така, постои и недостаток во споделувањето на информации помеѓу УБК и БЈБ.

Во 2011 година беше изработена *„Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот"* и тоа за периодот од 2011 до 2015 година. Новата стратегија се очекува да биде готова на почеток на 2016 година.

**Очекувани резултати:** Во изминатиот период БЈБ имаше значајна улога во борбата против тероризмот, но утврдена е потреба за подобрување во областа на превенцијата, профилирањето, заштита од терористички напади, справување со идентификувани терористички групи и подобрување на истрагите по извршен терористички напад. Исто така, се очекува дека новата организациска структура и новоформираната Единица за сериозен криминал и тероризам (при Секторот за криминалистички истраги, ОСОСК) ќе ја зголеми координацијата и транспарентноста помеѓу БЈБ и УБК во делот на антитероризмот.



Со цел зајакнување на капацитетите на БЈБ во борбата против тероризмот, предвидени се следните мерки и активности:

- Подигање на свеста на граѓаните за препознавање на заканите од тероризам и превенирање на можни терористички напади, и подигање на свеста кај сите полициски службеници во БЈБ за важноста на превенцијата;
- Утврдување на индикатори за идентификација на можни носители на терористички активности и нивно следење, како и утврдување на индикатори за идентификација на можни цели на напад;
- Воспоставување на процедури и постапки за антитерористичка заштита на лица и објекти како и други идентификувани цели на напад;
- Јакнење на капацитетите на единиците за справување со терористички групи во поглед на тактичко знаење и материјално-техничка поддршка;
- Јакнење на организациските, кадровските и материјално-техничките капацитети на БЈБ за водење истраги по извршен терористички напад.

Поради потребата од добро обучен и квалификуван кадар за развивање на истрагите и следење на состојбата на полето на борбата против тероризмот, потребно е градење на капацитети преку спроведување на обуки на различни теми и тоа:

- Развивање на методите и стратегиите против тероризмот и терористичките групи;
- Раководење со големи истраги поврзани со терористичка напади;
- Развивање на криминалистичко разузнавачки капацитети;
- Развивање на капацитети за проценка на ризик и водењето на акциите при терористички злосторства.

### 1.4. Конкретна цел: Зајакнување на административниот капацитет на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК) за борба против криминалот

**Актуелна состојба:** Организираните криминални групи немаат граници, правила или процедури кои треба да ги следат за вршење на криминални дејства. Сепак, полицијата има одговорност да биде транспарентна и одговорна за постапките. Со цел да се бори против организираните криминални групи навремено, ОСОСК мора да ги поедностави административните процедури за тајните полициски операции.




**Очекувани резултати:** Најдобар начин за поедноставување на административните процедури ќе биде формирање на посебен буџет за тајни операции и посебен буџет за прикриени човечки извори на информации со којшто ќе раководи самиот Оддел. Македонската полиција се труди значително да ги подобри своите капацитети за превенција и борба против криминалот преку употреба на современи методи на истражување, како и вработување на најдобрите квалификувани вработени кои ја поседуваат потребната стручност.

Се очекува да се применат следниве мерки:

- Подобрување на постоечките професионални стандарди во работата на Единицата за прикриени човечки извори на информации при ОСОСК;
- Воспоставување на систем за регрутација на нововрботени во организационата единица за прикриени човечки извори на информации;
- Пополнување на слободните работни места согласно новата систематизација и материјално техничко опремување со возила кои ќе задоволуваат минимум безбедносни стандарди и мерки на безбедност (затемнети стакла, регистерски таблички и сл.) и компјутерска опрема;
- Воспоставување на минимални стандарди за физичка и административна безбедност на дисперзирани објекти на организационата единица за прикриени човечки извори на информации;
- Набавка на софистицирана информатичка опрема за секој Отсек поединечно од оправдана причина што во секојдневното работење има потреба од користење на фотографии, мапи, ГПС навигација;
- Измени на правната регулатива во членови на Правилникот за работа со информатори и СОП за прибирање на информации од граѓани со цел прилагодување на практичните потреби;
- Воспоставување на буџет за надоместување на трошоци направени со извршување на работи од страна на полициските службеници, информатори, селектирани лица и други извори на информации;
- Воспоставување на буџет за надоместување на награди за информатори, селектирани лица и други извори на информации;
- Спроведување обука за управување со информатори;
- Обуки за вработените за развивање вештини за управување со информации;
- Креирани процедури за собирање на разузнавачки информации во затворите;
- Насочување на информаторите кон правилно и безбедно прибирање на информации;
- Обуки за полициските службеници од средно раководно ниво надлежни за водење истраги, за надградување на нивното знаење во однос на тоа кога и како да ги користат собраните информации со цел намалување на ризиците.

Потребно е да се зајакнат капацитетите на полициските службеници во делот на идентификување и профилирање на криминални групи и спроведување на проактивни криминалистички истраги, особено кај случаите на трговија со луѓе и криумчарењето мигранти.

Бирото за јавна безбедност има професионален и искусен персонал за справување со трговијата со луѓе и илегалната имиграција. Со цел да се одржи успехот во работењето, новите вработувања треба навремено да се спроведат, пред искусниот персонал да се пензионира. Единицата за трговија со луѓе и криумчарење мигранти при ОСОСК систематски ги профилира криминалните групи, сепак, во иднина се очекува Единицата заедно со други надлежни единици во БЈБ да учествува во подготвка и анализа на ризици за трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

За да се постигнат овие цели, предвидени се следниве мерки:

- Подготовка на извештај за анализа на ризици од трговија со луѓе и криумчарење мигранти;

- Пополнување на слободните работни места;
- Назначување на полициски службеници на локално ниво за вршење на истраги;
- Основни и специјализирани обуки за ПС од ЕТЛКМ и назначените ПС на локално ниво;
- Набавка на опрема за нововработениот кадар.

### 1.5. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите на Единицата за финансиски криминал

**Актуелна состојба:** Единицата за финансиски криминал (ЕФК), како Единица во рамките на ОСОСК, односно во рамките на новиот Сектор за криминалистички истраги (СКИ), од октомври 2015 година ги продолжи активностите на Секторот за финансиски криминал, кој до тогаш функционираше со две одделенија и тоа: Одделение за перење пари и финансиски истраги и Одделение за економски организиран криминал. Во моментов Единицата се соочува со потреба од понатамошно кадровско пополнување и материјално техничко опремување. ЕФК во своите активности, во делот на криминалистичките истраги работи координирано и систематски во соработка со останатите единици во рамките на СКИ, односно во рамките на ОСОСК. Воедно, во континуитет се одвива и унапредува соработката со Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Царинската управа, Управата за финансиска полиција, а се разбира и непосредната соработка со надлежните Јавни обвинителства.

**Очекувани резултати:** Како што се развива технологијата, криминалците изнаоѓаат нови начини за вршење криминал. Со цел персоналот на Единицата да располага со најновите информации, предвидени се следните мерки за успешно спроведување на истраги за економски криминал:

- Пополнување на слободни работни места;
- Релевантни активности за обука;
- Идентификација на нови трендови за перење пари (сметки, кредитни картички, смс, телефони, интернет услуги, плаќање преку дигитални вредни метали како е-злато и сл.);
- Набавка на опрема за нововработениот кадар;
- Зајакнување на капацитетите на Централната канцеларија за фалсификувани пари;
- Користење софтвер за финансиски истраги;
- Обезбедување пристап до базите на податоци за увид во:
    - Сопственост на недвижности и историјат (Катастар - АКН);
    - Евиденција на вработени (Агенција за вработување).

### 1.6. Конкретна цел: Унапредување на стандардите за анализа на криминал и зајакнување на капацитетите на истрагите на меѓународните случаи и формирање на заеднички истражни тимови во случаи на транснационален криминал

**Актуелна состојба:** Од почетокот на 2014 година, во ОСОСК започна имплементацијата на криминалистичко разузнавачкиот процес, односно полициско работење водено од разузнавање (ILP), што подразбираше и воведување на голем број на Стандарни оперативни процедури. Воведувањето на овој модел на полициско работење ќе овозможи стандардизација на полициското работење со она на земјите членки на ЕУ. Во овој момент активностите продолжуваат околу имплементација на процедурите кои го регулираат целиот процес.

**Очекувани резултати:** Унапредувањето на веќе поставените стандарди за анализа на криминал би ја зголемило ефективноста и ефикасноста на криминалистичко разузнавачката анализа за што се предвидени се следниве мерки:

- Изработка на програма за обуки, тестирање за компетентност и основни обуки за аналитичари (со поддршка од Европол и ЕУ);
- Успешно реализирање на основните обуки за аналитичари;
- Обезбедување минимални материјални и технички стандарди во процесот на криминалистичко разузнавање;
- Курсеви за странски јазици.

Со цел да се зголеми ефективноста на Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа при ОСОСК, потребно е развивање на капацитетите во делот на изработка на PESTEL анализа. Ова може да се постигне со помош од Европол, преку организирање обука што ќе вклучува собирање информации за PESTEL анализа, препознавање на трендови и показатели, и ефективно пишување на извештаи.

Како што меѓународните техники и методи на транснационалните организаирани криминални групи се менуваат, така треба соодветно да се усвојат и начините за собирање и управување со информации за меѓународни истраги. Во овој поглед, предвидени се следните активности во блиска иднина:

- Обука за имплементација на нови техники и методи при анализата на комплексни податоци во рамките на истрагите;
- Обука за нови софтверски програми за зголемување на квалитетот на анализата;
- Заедничка обука за аналитичари и истражители за изработка на аналитички продукти.

### 1.7. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите за криминалистички истраги

**Актуелна состојба:** Во моментов Бирото за јавна безбедност е поставено на организациска платформа од 2003 година, понудена од страна на твининг партнерот од полицијата на Бранденбург, Германија, и во неа сеуште постојат Централни полициски служби кои хоризонтално ги организираат стручните служби во Бирото. Со моменталната поставеност на Централните полициски служби се оневозможува поефикасно администрирање и се спречува јасната одговорност и брзиот проток на информации кои се од клучна важност за криминалните истраги. Моменталната поставеност на ЦПС не овозможува доволно ефикасен систем за борба против криминалот бидејќи постои интер-институционален и институционален јаз. Исто така, не постои доволно јасна поставеност на хиерархиската и функционалната надлежност во организациските единици во ЦПС. Тој јаз се отсликува и помеѓу ЦПС и регионалното ниво.

**Очекувани резултати:** Потребно е да се преиспита моменталната поставеност на ЦПС односно да се направи компаративна анализа со најдобрите и тековните ЕУ практики, да се промени она што не функционира, и да бидат отсликани реалните потреби на БЈБ. Во периодот на имплементација на Стратегијата се очекува јасна поставеност на структурата на криминалистичката полиција и дистинкција помеѓу полициските специјалности и униформираната полиција. Зајакнувањето на капацитетите на криминалните истраги би се одвивало преку зајакнување на капацитетите на криминалистичката полиција, преку јасна вертикална поставеност на структурите на

криминалистичката полиција, како на централно така и на регионално ниво со што би се овозможила појасна функционална надлежност по област на криминал.

Овие структурни промени ќе помогнат да се зголеми и координацијата на регионално ниво, како и координацијата при водењето на меѓусекторски криминалистички истраги помеѓу СВР-ата и секторите во Одделот за криминалистичка полиција и ОСОСК.

### 1.8. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите на криминалистичко разузнавачката анализа во БЈБ

**Актуелна состојба:** Воведувањето на Националниот разузнавачки модел нужно наметна и реорганизација на Бирото за јавна безбедност. За таа цел најсуштинска реорганизација претрпеа аналитичките служби во БЈБ, чија функција значително се промени, и на постојната аналитичка функција, ориентирана пред сѐ на статистика, се додаде разузнавачката функција. За прв пат во рамки на криминалистичко разузнавачките единици на централно и на регионално ниво се предвидоа работни места Инспектори за разузнавање кои се задолжени за правилно и насочено собирање, проценување и споделување на разузнавачките информации собрани од страна на сите полициски службеници во рамки на БЈБ. Но сепак, доделувањто на оваа заначајна функција не беше поддржана со соодветен информатички развој и соодветна техничка опременост, и во моментот аналитичките служби ни од далеку не ги задоволуваат стандардите кои се бараат од една современа криминалистичко разузнавачка единица. Овие единици се опремени со опрема која е стара во просек седум и повеќе години, а аналитичкиот персонал, особено на регионално ниво, не е доволно обучен за користење на аналитички алатки и техники за ефикасно остварување на својата функција.

**Очекувани резултати:** Зајакнувањето на капацитетите на криминалистичко разузнавачките единици на централно и регионално ниво ќе даде поддршка на раководителите во носењето на одлуки и нивна фокусираност на најзаканувачките области на криминал преку одредување на приоритетите, планирањето на активностите и насочувањето на службите за справување со криминалот. Заради остварување на криминалистичко-разузнавачката функција, неопходен е информатички развој во БЈБ што ќе овозможи полесно прибирање, обработка и интеграција на податоците и информациите од секојдневното полициско работење. Овој развој ќе придонесе кон изготвување на поквалитетни разузнавачки и аналитички продукти (на стратешко и тактичко ниво), а особено во делот на откривање на трендови и серии на криминал, нови МОС, географско профилирање на криминалот, фактори и генератори кои влијаат на појава на криминалот.

Имајќи предвид дека за обработка и анализа на податоците и информациите се користат напредни алатки и техники, бази на податоци и софтверски решенија, неопходно е воведување на минимум критериуми по кои ќе се врши прием и селекција на нови вработени, и доусовршување на постоечкиот кадар во криминалистичко разузнавачките единици.

Со цел зајакнување на капацитетите на организационите единици во БЈБ за криминалистичко разузнавање и анализа, предвидени се следните мерки и активности:

- Соодветно информатичко решение за евидентирање на криминални групи заради рангирање на најзаканувачките, кое ќе се користи за потребите на стратешка и разузнавачка анализа;

- Унапредување на системот за управување со информации кои се создават во секојдневното полициско работење кои можат да се користат за разузнавачки цели;
- Имплементација на апликацијата/база на податоци за собирање на информации од граѓани;
- Техничко опремување на единиците за криминалистичко разузнавање и анализа;
- Развивање на методологија за прибирање на информации од отворени извори и нивно процесирање во системско знаење, набавка/развој на соодветна софтверска алатка за оваа намена и соодветна обука;
- Дефинирање на категории на информации, видови на продукти и нивни корисници што ќе овозможи навремено информирање, следење на состојбите и носење на одлуки;
- Набавка или развој на апликации за обработка на поголема количина на податоци заради нивна анализа и визуализација;
- Прием и обуки на вработените во криминалистичко-разузнавачките единици за аналитичките техники и алатки, и користење на софтверските апликации;
- Имплементација на минималните стандарди за физичка и административна заштита на единиците за криминалистичко-разузнавачка анализа на централно и регионално ниво, и информатичка заштита при пренос, складирање, обработка и чување на податоците.



## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

# МОДЕРНИЗАЦИЈА И СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА СО КОРИСТЕЊЕ СОВРЕМЕНИ МЕТОДИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ЗАДАЧИ И ДОЛЖНОСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОБРИТЕ ПРАКТИКИ НА ЕУ

### 2.1.Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите за управување со децентрализираниот буџет на регионално ниво

**Актуелна состојба:** Во БЈБ постои правна регулатива за децентрализиран буџет, но истата не е целосно имплементирана во пракса, бидејки планирањето и одлуките по однос на користењето на расположливите средства сеуште се во надлежност на централното ниво.

**Очекувани резултати:** Исполнувањето на стратешката мисија е речиси невозможно без модерна организација поткрепена со соодветен буџет. Во овој поглед, целосно спроведување на децентрализацијата на буџетот е еден од најголемите предизвици за следните пет години. Потребно е организациските единици на БЈБ да бидат целосно инволвирани во планирањето и распределувањето на одобрениот буџет за нивната единица. На овој начин ќе се овозможи преземање поголема одговорност за поекономично трошење на средствата за постигнување на приоритетните цели. Со цел да се води евиденција за тоа што е обезбедено во регионите, количината на купени полициски возила, ИТ и комуникациска опрема, како и количината на опремата за сообраќајни истраги за секој регион, треба да се евидентира и споделува со раководството на средно ниво во текот на годината.

Следните мерки се предвидени со цел надминување на овој предизвик:

- Подобрувања на софтверот за спроведување на децентрализираниот буџет;
- Имплементација на регионалниот буџет и овозможување на поголема инволвираност во неговата распределба на началниците на посебните организациски единици во БЈБ;

### 2.2. Конкретна цел: Модернизација на информатичкиот систем на БЈБ

**Актуелна состојба:** Информатичкиот развој на Бирото за јавна безбедност е стратешки важен ресурс за поефикасно полициско работење, бидејќи од точноста и ажурноста во размената на податоците и информациите зависи навременото и ефикасно полициско постапување во сите области на криминал.

Постоечкиот Хост систем на МВР којшто се користи за обработка на податоци за криминалитет не дава можност за автоматско генерирање на статистички податоци на криминалитетот и не постои можност за надградба и креирање на нови функционалности согласно барањата на корисниците. Поголемиот дел од работните процеси во БЈБ не се опфатени со информатичка подршка со што значително се

губат ресурси, како материјални така и човечки. Делот од апликациите којшто во моментов се користат во БЈБ, а се развиени со сопствени ресурси, не се базирани на иста структура во поглед на ентитетите, што претставува проблем при интеграцијата на базата на податоци. Исто така, собирањето на податоците во овие апликации е само за намената на апликацијата без притоа да постои поврзување на различните апликации.

**Очекувани резултати:** Се очекува информациите и податоците во БЈБ да бидат интегрирани во еден систем кој ќе биде базиран на еднократно собирање на податоци во таканаречени регистри, и обезбедување на пристап до регистрите на сите корисници, во рамките на нивната надлежност и пристапни права. Информатичките решенија треба да бидат дизајнирани или редизајнирани врз основ на работните процеси во БЈБ, при што корисниците треба да имаат одговорност за нормативниот и содржинскиот аспект за секоја поединечна апликација од решението. Новата ИТ инфраструктура се очекува да овозможи развој на нови кориснички решенија, поврзување на различните постоечки или редизајнирани апликации согласно со корисничките потреби, како и стратешките цели согласно стратешкиот план за информатички развој на МВР.

За успешна реализација на оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Формирање координативно тело за планирање и следење на имплементацијата на ИТ проектите во БЈБ;
- Утврдување на апликациите кои е потребно да се дизајнираат/ редизајнираат;
- Модернизација на информатичкиот систем на МВР.

## 2.3.Конкретна цел: Електронски систем за документација (Систем за управување со документи)

**Актуелна состојба:** Генерално, документацијата и размената на документите во рамките на БЈБ се спроведува во хартиена форма што има значително негативно влијание на ефикасноста во полициското работење. Не постои електронска централна унифицирана архива за складирање на сите документи, со што се спречува можноста за следење која е неопходна во секој сегмент од работењето.

**Очекувани резултати:** Електронскиот систем за управување со документи ќе го забрза текот на работата и ќе го скрати процесот на интерно испраќање документи. Со поддршка на ICITAP е започнат проект за воспоставување на ваков електронски систем за управување со документи, и истиот ќе биде финализиран во 2016 година.

## 2.4. Конкретна цел: Класифицирани информации

**Актуелна состојба:** Во принцип, постоечката правна рамка за заштита на класифицирани информации се движи во рамките на законодавството на ЕУ, а некои стандарди се поставени дури и повисоко. Се подготвува ревизија на Правилникот на МВР / БЈБ за класифицирани информации и негови измени и дополнувања, сè во рамките на постоечкото национално законодавство. Поголемиот дел од размената на класифицирани информации е на хартија, што одзема време и човечки ресурси.

**Очекувани резултати:** Постои потреба за електронски систем за размена на класифицирани информации, барем на ниво на интерно, со акредитација за безбедност што подоцна ќе биде надградена за доверливо и строго доверливо. Исто така, индикациите за класификација и ознаки треба да се земат предвид за да се укаже на степенот на штетите кои би можеле да настанат од неовластен пристап до класифицирани информации или нивно неовластено користење. Исто така, се очекува да се изготват и прирачници за обука и ракување со новиот, ревидиран Правилник за класифицирани информации.

Со имплементација на предлог мерките ќе се зголеми заштитата, создавањето, дистрибуцијата и размената на класифицираните информации во МВР, ќе се забрза процесот на временската рамка за отпочнување на постапка и врачување на безбедносни сертификати на вработени во МВР и ќе се намали бројот на лица вработени во МВР со безбедносен ризик.

Предвидени се следниве мерки за успешна реализација на оваа цел:

- Создавање на Оперативни процедури за безбедност на системите,
- Стандарди / потреби за е-систем: криптографска заштита, контрола на пристапот, следливост и други предуслови за акредитација,
- Спроведување на минималните стандарди за безбедност на класифицирани информации на регионално ниво за заштита на класифицираните информации како прелиминарни цели,
- Користење на моделот Обука на обучувачи преку овластените лица за безбедност на класифицирани информации и вклучување на обука за заштита на класифицирани информации во редовната програма на Центарот за обука,
- Ревидирање на степенот на класификација на безбедносните сертификати опишани во систематизацијата на работните места на МВР, за еден степен подолу кај сите оние места за кои праксата покажува дека е неиздржано постоењето на висок степен на безбедносен сертификат на степен на класификација согласно извршувањето на работните задачи.
- Внесување на потребен сертификат во интерните огласи на МВР при апликација за работно место согласно систематизацијата на работните места на МВР.
- Поблиска интра- и интер- институционална соработка како предуслов за ефективно споделување на информации и знаење.

## 2.5.Конкретна цел: Зајакнување на физичките капацитети на Секторите за внатрешни работи и полициските станици

**Актуелна состојба:** Поголемиот дел од полициските станици се во лоша состојба, вклучувајќи ги и Секторите за внатрешни работи и Регионалните центри за гранични работи. Реконструкција на полициските простории и пополнувањето на слободни работни места ќе овозможи подобрување на капацитетите во наредните години. Исто така еден дел од СВР-ти имаат недостаток од работен простор бидејќи опслужуваат поголема популација и имаат потреба од проширување.

**Очекувани резултати:** Полициските станици и СВР кои имаат недостиг на простор и опслужуваат поголема популација, а се наведени во рамките на приоритетите, треба да добијат нови или реконструирани објекти за подобрување на условите за работа, како и за нудење подобри услуги за граѓаните.

Една од можностите за подобрување на состојбата, конкретно на СВР Битола, е воспоставување на мобилна полициска станица која ќе ја покрива површината на овој сектор за внатрешни работи, кој е одговорен за скоро една четвртина од територијата на земјата. Оваа мобилна полициска станица би го опслужувала битолскиот регион заедно со руралните области.

За постигнување на оваа цел се предвидени следните мерки:

- Изградба на 9 нови полициски станици согласно приоритетите;
- Изградба на нови згради за 3 СВР согласно приоритетите;
- Реновирање на постоечки згради на 3 СВР согласно приоритетите;
- Мобилна полициска станица за СВР Битола.

### 2.6. Конкретна цел: Зајакнување на ефективноста на Единицата за службени кучиња на централно и регионално ниво



**Актуелна состојба:** Позицијата на Единицата за службени кучиња е релативно добро прифатена од страна на другите одделенија, сепак Единицата се соочува со различни проблеми, меѓу кои недостаток на квалификувани водичи на службени кучиња, недостаток на опрема за водичи на

службени кучиња, специјални возила итн., што ја налага потребата за систематски пристап за натамошен развој на Единицата во иднина.

**Очекувани резултати:** Со оглед на важноста на користењето на Единицата за службени кучиња за успешно работење, македонската полиција ќе го зголеми професионалниот капацитет во справувањето со нелегалните мигранти, протестите, трговијата со дрога, тероризмот и други криминални активности, преку реализацијата на следните мерки:

- Да се потпише Меморандум за разбирање помеѓу МВР и АРМ, со кој АРМ ќе му го отстапи Центарот за едукација и обука на службени кучиња на МВР;
- Да се воспостави систем на селективни обуки за пријавување на кандидати по објавени интерни огласи или при изборот на кадри од кандидатите во Центарот за обука;
- Да се воведе одаток на плата за водичите на службени кучиња, како надокнада за ризикот по здравјето и животот на водичот;
- Зголемување на бројот на водичи на службени кучиња;
- Воспоставување на СОП за Единицата за службени кучиња;
- Набавка на опрема потребна за водичите на службени кучиња;
- Набавка на опрема за кучиња;
- Набавка на специјални возила и приколки;
- Воспоставување на минимум 3 аташирани канцеларии за кучиња на регионално ниво (во Штип, Битола и Струмица) и обезбедување материјално-технички услови за службените кучиња (боксови).

## 2.7. Конкретна цел: Оддел за воздухопловни единици



**Актуелна состојба:** Основната намена на Одделот за воздухопловни единици е овозможување воздухопловна поддршка на полициските сили при заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; спречување на вршење кривични дела и прекршоци; одржување на јавниот ред и мир; регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата; контрола на движење и престој на странци; укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба; обезбедување на определени личности и објекти, и други должности утврдени со закон. Со оглед на безбедносните предизвици со кои овој Оддел се соочува, неопходно е секогаш да биде во полна кадровска и техничка подготвеност, што во моментов не е секогаш случај.

**Очекувани резултати:** Главната цел на Одделот за воздухопловни единици е континуирано одржување на оперативните капацитети за да може да се справи со сите можни предизвици во работењето и да овозможи максимално високо ниво на безбедност во извршувањето на поставените задачи. Поддршката за развојот на воздухопловните единици е скапа, сепак, со оглед на фактот што воздухопловните единици се составен дел од граничното управување и борбата против организираниот криминал, неопходно е да се преземат следниве мерки:

- Пополнување на Одделот со потребниот стручен персонал – летачки и воздухопловно-технички;
- Овозможување континуирани обуки за стручно усовршување на летачкиот и воздухопловно-техничкиот персонал;
- Развој на квалитетен систем за техничко одржување на флотата и опремата преку избор на сервиси за базно одржување и набавка на резервни делови;
- Доопремување на персоналот и флотата со опрема која ќе ја зголеми ефикасноста и безбедноста во работењето.

## 2.8. Конкретна цел: Основна и континуирана обука

**Актуелна состојба:**. Основната обука се одржува во Центарот за обука при МВР по објавен јавен оглас и спроведена постапка за селекција. Јавниот оглас се објавува за 10% повеќе од потребната бројка за вработување добиена од Одделот за човечки ресурси. Оваа основна обука трае една година и истата се состои од 3 четиримесечни модули. Во текот на обуката, кандидатите за полицајци не се вработени во МВР и имаат потпишано договор за едногодишна полициска обука согласно Законот за внатрешни работи. Согласно ЗВР, Центарот за обука има обврска да изготви ранг листа според која најслабо рангираните 10% нема да склучат договор за вработување.

Постојат два вида на континуирани обуки - централизирана и децентрализирана, кои се одржуваат во Центарот за обука и во СВР. Одделот за човечки ресурси при БЈБ врши евидентирање на целокупниот број на нарачани и спроведени обуки, а Центарот за обука е задолжен за спроведување на континуирана обука. На регионално ниво (СВР и РЦ за ГР) има назначени по еден координатор за стручно оспособување (Советник за обука), систематизирани под Секторот за општи и заеднички работи без полициско овластување, а кои се задолжени за идентификување на потреби од обука, спроведување на обуки со претходно подготвени материјали од страна на Центарот за обуки и евалуирање на завршените обуки.

Од страна на Секторот за управување со човечки ресурси и обуки е изготвен План за потреби за континуирана обука за 2016 година. Основите за овој план се добиени вр основа на предлозите на организациските единици кои се обврзуваат да доставуваат месечни извештаи за реализираните обуки, како и месечен план за обуките кои ќе се реализираат секој нареден месец. Во моментов, за евидентирање, следење и евалуација на завршените обуки и проверка на нивото на обученост, се користи постоечкиот софтверски систем за персонална евиденција на вработените, но истиот е со ограничени можности за пребарување и следење на обуките. Во Секторот за УЧРО се внесуваат обуките кои се доставени до овој сектор во физичка или електронска форма. Сепак, не постои контролен механизам за регистрирање на сите обуки, како национални, така и интернационални.



**Очекувани резултати:** Следејќи ги најдобрите ЕУ практики, Центарот за обука треба да биде одговорен за програмирање, спроведување и евалуација како на основната така и на континуираната обука.

Континуираната обука – практична полициска постапка, треба да стане обврска во полициското работење, а секој полициски службеник со полициско овластување треба да помине минимум осум часа обука во месецот. Потребно е постоечките координатори за спроведување на децентрализирани обуки да добијат полициско овластување (униформирано лице) со формална поставеност во локалната структура, но да бидат функционално координирани со Центарот за обука. Исто така, вакви координатори треба да се предвидат и во организациските шеми во ЦПС на централно ниво. Обуката треба да се заснова на релевантни и реални примери од секојдневната полициска пракса, со цел согледување на пропустите и укажување на законско полициско постапување. Во програмата за континуирана обука треба се стави поголем акцент на примери од полициската пракса, како и

практична употреба на полициско овластување и средства за присилба, како и да се воспостави внатрешен систем за следење и евалуација на обуката. Континуираната обука е потребно да се евалуира на месечно ниво, а резултатите од сите организациски единици редовно да се испраќаат до посебна организациска единица во рамките на Центарот за обука која ќе биде одговорна не само за евалуација и евидентирање на обуките, туку и за истражување на недостатоците во секојдневното полициско работење, и согласно анализите од истражувањето да сугерира потребни модули за унапредување . За таа цел потребно е да се изготви и унифициран формулар за евалуација на обуки кој од една страна треба да е едноставен, а од друга да ги опфаќа сите потребни параметри.

Сето она што е појавено како незаконско, неетичко и непрофесионално полициско работење, на крајот на годината треба да се публикува (без лични податоци) во дигитална и печатена форма како "Примери од полициска пракса". Оваа публикација треба да се сподели со внатрешната и надворешната јавност, а полициските службеници треба да се запознаваат со истата преку континуираната обука.

За спроведувањето на оваа конкретна цел ќе се преземат следниве мерки:

- Унапредување на организациската структура на единиците во МВР и БЈБ одговорни за обуки и нејзино поставување во функција на поефикасно и кохерентно програмирање, спроведување и евалуација на основните и континуираните обуки;
- Пополнување на слободните работни места со кадар кој ќе работи на оценување на обуките, обучувачите и обучените лица;
- Подобрување на квалитетот на програмите за обука што ќе се постигне преку осовременување на постојните модули и развој на нови, како и создавање на модерен и одржлив систем преку долгорочно планирање;
- Континуирана обука на месечна основа за сите полициски службеници (8 часа во месецот);
- Оценување на перформансите на помладите службеници преку ментори, супервизори, колеги и преку самостојно оценување;
- Надградба на постоечкиот систем за евиденција и следење на нивото на обученост кај сите полициски службеници;
- Вклучени и ажурирани модули за е-учење;
- Семинари ”Обука за обучувачи” за искусните полициски службеници кои ќе можат да ги поддржуваат и обучуваат своите колеги (менторство, тренинг);
- Советниците за обука да се преименуваат во "инструктори" и да им се даде полициско овластување;
- Координаторите за спроведување на децентрализирани обуки (инструктори за обука) да добијат статус на полициски службеници, а за организациските единици на централно ниво да се назначат нови.

## 2.9. Конкретна цел: Подобрување на ефикасноста и јакнење на капацитетите на единиците на ОСПО за справување со вонредни ситуации (протести, немири и сл.)

**Актуелна состојба:** Со оглед на зголемените ризици од тероризам и нарушување на јавниот ред и мир како резултат на глобалните случувања, во регионалното опкружување и внатре во земјата,

Одделот за специјални полициски операции игра важна улога во справувањето со специфични задачи на целата територија на земјата.

**Очекувани резултати:** Со цел ефикасно, ефективно и економично исполнување на задачите, потребно е целосно пополнување на единиците со човечки ресурси според предвидената систематизација, висок степен на обученост на вработените, како и соодветна материјално-техничка опременост. Зголемувањето на бројот на вработените во Одделот за специјални полициски операции налага зголемување на буџетот за овој оддел.




Долгорочна цел е изградбата на модерно стрелиште кое ќе овозможи редовна обука и вежба за ракување со огнено оружје за сите полициски службеници. Се очекува систематското оценување на изведбата на полициските службеници и поддршката на оние на кои им е потребно подобрување во стрелањето, да помогне во развојот на вештините на стрелање.

Единиците за специјални полициски операции треба во секое време да бидат спремни професионално и успешно да одговорат и на најголемите предизвици и за остварување на оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Детална проценка за потребен број на вработени;
- Набавка на нови униформи за единиците;
- Изградба на модерно и оперативно стрелиште;
- Набавка на опрема и потрошен материјал потребни за време на протести (гасни бомби, солзавец, и сл.);
- Реновирање на постоечките објекти и изградба на нови објекти;
- Набавка на возила за специјални и посебни намени

## 2.10. Конкретна цел: Обновување на старите возила




**Актуелна состојба:** Некои од возилата кои се користат во полициската служба се постари од 20 години, што го прави доста скапо нивното одржување, а има и негативен ефект врз продуктивноста на персоналот.

**Очекувани резултати:** Од огромна важност е во блиска иднина да се заменат возилата кои се постари од 20 години. Дополнително, треба да се идентификуваат единиците кои имаат недостиг од возила и да им се даде приоритет при набавката на потребните возила.

## 2.11. Конкретна цел: Реорганизација на Бирото за јавна безбедност

**Актуелна состојба:** Во октомври 2015 година стапи на сила нова систематизација во МВР и БЈБ, според која беа формирани нови единици за стратешко планирање, што е во согласност со стандардите на ЕУ, но за жал истото не може да се каже и за Централните полициски служби (ЦПС). Според најдобрите ЕУ практики, систематизацијата би требало да биде поедноставна и да овозможи појасна прегледност на синџирот на одговорност.

**Очекувани резултати:** Потребно е да се направи повторна анализа на ефективноста на последната систематизација и истата да се унапреди согласно најдобрите ЕУ практики. Носечки столбови под кои би требало да се распределени сите организациони единици во БЈБ се: униформирана полиција, гранична полиција, криминалистичка полиција, форензика, полициски специјалности, полициска академија, информатика и телекомуникации и СВР. Униформираната полиција, криминалистичката полиција, форензиката, информатиката и телекомуникациите, треба да бидат носечки служби на регионално ниво – СВР. Оваа систематизација би придонела кон поедноставно администрирање, подобра координација и поефикасно полициско работење.

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ И РЕГИОНАЛНИТЕ ЦЕНТРИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА БОРБАТА ПРОТИВ ПРЕКУГРАНИЧНИОТ КРИМИНАЛ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА

## 3.1 Конкретна цел: Оптимизирање на организациската структура и подобрување на инфраструктурата

**Актуелна состојба:** Организациската структура претставува цврст предуслов за поефективно и поефикасно користење на човечките и техничките ресурси. На централно ниво, Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет во БЈБ е надлежна за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитетот во областа на граничното работење, а Одделот за гранични работи и миграции при БЈБ врши оперативни функции како координација, оперативно планирање и управување.

На регионално ниво, Регионалните центри за гранични работи (РЦ за ГР) вршат административни функции, логистика, истражување (во ограничен степен), превенција и тактички задачи. Во рамки на Регионалните центри за гранични работи функционираат три вида на полициски станици: полициски станици за гранични проверки, полициски станици за граничен надзор и полициски станици за гранични проверки и граничен надзор. Бројот на полициските станици кои работат или само со гранични проверки или само со граничен надзор е сè уште голем. Речиси сите сегашни полициски станици за граничен надзор се стационирани во поранешни воени објекти. Објектите се првично дизајнирани за извршување на одбранбените задачи на воениот персонал и не се соодветно прилагодени за задачите на модерната гранична полиција.

Моменталниот недостиг на основна ИТ инфраструктура, што е причина за некои полициски станици за граничен надзор да не се поврзани со комуникациските мрежи, а следствено и со базите на податоци, ги ограничува нивните можности да вршат навремена и ефективна размена на информации помеѓу граничните одделенија, што воедно го влошува процесот на донесување одлуки во врска со граничните задачи.

**Очекувани резултати:** Процесот на комбинирање на различни функционалности на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор треба да продолжи. Дополнителен напредок во таа насока ќе се постигне откако ќе се изврши ревизија на постојниот систем и стандарди, ќе се воспостават нови критериуми за потребите од човечки ресурси, опрема, транспортни средства и инфраструктура, и откако ќе се земат предвид специфичните карактеристики на секоја локација, како и нивниот обем на работа.




Новата организациска структура на централно ниво би требало да овозможи поефикасно, добро планирано и координирано управување со задачите на граничната полиција на регионално и локално ниво. Имајќи ја предвид (а) вкупната површина на земјата, (б) потребата за подобрување на размената на информации во функција на оперативните задачи и криминалистичкото истражување на континуирана, навремена и рационализирана основа, и (в) потребата за економично користење на техничките и човечките ресурси, се доаѓа до заклучокот дека е неопходно да се продолжи со подобрување на сегашната структура на РЦ за ГР, односно да се продолжи со спојување на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор.

Просториите на граничните полициски станици треба да се прилагодат со цел да ги исполнуваат оперативните, безбедносните и административните барања и стандарди кои произлегуваат од природата на полициските задачи и треба да овозможат ефективна и ефикасна услуга.

Треба да се овозможи поврзување на сите ПС на границата со комуникациската мрежа, со цел да се овозможи навремена размена на оперативни информации и непречен проток на податоци.

За оптимизирање на организациската структура и подобрување на инфраструктурата на граничната полиција, предвидени се следниве мерки:

- Преглед на законската регулатива во однос на територијалните надлежности во целата земја, во смисла на утврдување на одговорноста за извршување на работните задачи во рамките на БЈБ;
- Понатамошна оптимизација (спојување) на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор;

- Анализа на ефектите, предностите и недостатоците на новата реорганизација, и доколку е потребно - подобрување на организациската структура, задачиите, функциите и персоналот на регионалните центри за гранични работи;
- Анализа на ефектите, предностите и недостатоците на новата реорганизација на структурата, функциите и персоналот на Одделот за гранични работи и миграции, и доколку е потребно подобрување на истите;
- Преглед на поставеноста и соодветно екипирање на персоналот надлежен за извршување на анализа на ризик на централно и на регионално ниво;
- Подобрување на условите за работа преку модернизирање на капацитетите на ГПС/ административните канцеларии;
- Понатамошно подобрување на комуникациската мрежа на ГПС;
- Понатамошни континуирани активности за модернизација на Граничните премини.

## 3.2. Конкретна цел: Развивање и зајакнување на капацитетот за ефективно и ефикасно користење на човечките и техничките ресурси во Одделот за гранични работи и миграции и Регионалните центри за гранични работи

**Актуелна состојба:** Граничната контрола се извршува од страна на професионален и посебно обучен и опремен персонал. Граничните проверки се вршат на граничните премини и, како општ принцип, сите припадници на граничната полиција се овластени да вршат гранични проверки. Екстремно ниската бројка на оперативен персонал претставува сериозна причина за загриженост во однос на можноста за следење на воспоставените процедури и обезбедување севкупна ефективност и ефикасност на граничните проверки.

За време на основната обука студентите во Центарот за обука се запознаваат со техничката опрема што ја користи граничната полиција, а практичната обука за користење на истата се одвива дури по распределување на работните места на некој од граничните премини или полициски станици за граничен надзор под водство на ментор. Полициските станици за граничен надзор се разликуваат во однос на нивните конкретни задачи, достапна техничка опрема, потреби за специфични вештини и познавање на процедурите и методите на работа. Сегашниот систем на вработување персонал, и сезонските потреби, како што се специјална опрема и работна униформа, како и социјалните бенефиции, не ги охрабруваат вработените да станат дел од граничната полиција. Потребно е да се подобрат методите на планирање со цел да се исполнат очекувањата за потребите од персонал и специфични вештини од среднорочна и долгорочна гледна точка. Подобрувањето на нивоата на персонал треба да се гледа како збир од мерки кои мора да се имплементираат со цел да се креираат услови за зајакнување на капацитетот за ефективна и ефикасна употреба на човечките ресурси.

На многу гранични премини, типовите на достапна опрема не одговараат на бројот на работни места - ја има во изобилство или пак постои недостаток. Кај некои ПС за гранични проверки, количината и типовите на опрема не одговараат на редовниот обем на работа и/или специфичните карактеристики на нивните локации. Стандардите за управување и релокација на опремата се неконзистентни. Во поширока смисла, овој став спречува ефикасно и ефективно користење на ограничените технички ресурси.

**Очекувани резултати:** Систематизацијата за распределба на техничка опрема треба да се преиспита и треба да се развие систематски пристап за релокација на техничките средства во согласност со променливата средина.

За да се постигне оваа цел, предвидени се следниве мерки:

- Создавање на методологија за распределба на персонал за гранични проверки и за граничен надзор;
- Создавање на стандарди за распределување на транспортните средства и технички ресурси;
- Достапност на персонал од втора линија за проверки и службени лица за криминалистичко разузнавање, како и можност за вршење на проверки за дрога и експлозиви и темелни проверки на возила на сите полициски станици за гранични проверки и за граничен надзор;
- Натамошен развој на наставната програма за обука за персоналот на граничната полиција и студентите;
- Натамошен развој на системот за стручно оспособување и напредна обука за службениците на средно ниво;
- Натамошен развој на електронскиот систем за обука од далечина за персоналот на граничната полиција во согласност со наставната програма за напредна и континуирана обука;
- Воведување на флексибилен пристап за вработување на граничниот персонал согласно нивното место на живеење;
- Воведување на систем за надоместоци за оброци и патни трошоци за персоналот на граничната полиција кој е назначен за вршење на граничен надзор и гранични проверки;
- Воспоставување на систем за надзор, евалуација, следење и планирање на персонал на гранична полиција (број, специјализација, родов сооднос, вештини и способности).

### 3.3 Конкретна цел: Разгледување на одговорностите при прифаќање и сместување на мигранти согласно барањата и стандардите на ЕУ

**Актуелна состојба:** Бројот на прифатени нелегални мигранти е значително зголемен во последните години. Бројот на нелегални мигранти во 2015 е многу поголем од оној во 2014. Влошената безбедносна ситуација и ниските животни и социјални стандарди во Јужна Африка и Средниот Исток предизвикаат дополнителна нелегална миграција од засегнатите региони, преку земјава кон Европа. Моменталниот капацитет и условите за задржување луѓе во Прифатниот центар за странци не ги исполнуваат потребите и општоприфатените европски и меѓународни стандарди за привремено сместување на странци. Постоечките услови за живеење, како и санитарните услови, може да доведат до појава на разни болести во рамите на Прифатниот центар, при што на ризици е изложен и персоналот.

**Очекувани резултати:** Треба да се изнајде привремено решение (релокација и креирање на нови простории) за подобрување на условите за привремено сместување на мигрантите, сè додека не се создадат трајни соодветни услови за сместување на мигрантите. Подобрувањето на привремените капацитети за задржување на мигрантите, како и работните оперативни услови за персоналот на граничната полиција, исто така ќе има позитивно влијание и на професионализмот и мотивацијата на персоналот.

За да се постигне оваа цел, предвидени се следниве мерки:

- Привремено подобрување на условите за сместување во рамките на Прифатниот центар за странци;
- Обезбедување на нови простории за Прифатниот центар за странци;
- Набавка на оперативно-административни и специјални транспортни средства за подобрување на работните услови;
- Преиспитување на постоечките СОП за Прифатниот центар за странци во согласност со барањата и стандардите на ЕУ;
- Спроведување на анализа на можноста обезбедувањето на Прифатниот центар за странци да биде преземено од приватни компании за обезбедување.

## 3.4 Конкретна цел: Подобрување на оперативните капацитети на Мобилната единица за поддршка

**Актуелна состојба:** Постојниот национален систем за реален надзор во реално време, како и оперативната координација за граничен надзор и контрола, не се доволни за вршење навремени, ефективни и добро координирани дејства и операции во граничните области. Исто така постојните стационарни системи за надзор во земјата не овозможуваат онлајн пренос на ситуационата слика од стационарните кули за надзор со кои се ракува од полициските станици до РЦ и Командно-контролниот центар во Скопје. Недостатокот на капацитет ја ограничува можноста за 24/7 оперативен увид, поради што не е можно да се примаат и праќаат релевантни информации за граничен надзор или да се обезбеди ефективно и навремено донесување одлуки за прекршувања на граничната безбедност.



**Очекувани резултати:** Системот за надзор треба да биде зајакнат преку подобрување и одржување на приказот на реалната ситуација на теренот, со што би се обезбедила поддршка во планирањето и спроведувањето на националните активности за граничен надзор, како и во координирањето на националниот систем за граничен надзор. Исто така, подобрениот систем за надзор би придонесувал кон редовна оцена на резултатите од националните активности за граничен надзор, координирање на секојдневната работа и оперативните мерки со другите агенции за спроведување на законот и во соседните земји.

Мобилната единица која работи во рамките на централното тело треба да ги поддржува полициските станици во нивната борба против прекуграничниот криминал и нелегалната миграција. Меѓутоа, единицата не располага со софистицирана (модерна) опрема, ниту со соодветна обука како би можела брзо и ефикасно да ги извршува своите задачи.

За подобрување на оперативните капацитети на мобилната единица за поддршка, предвидени се следниве мерки:

- Подобрување на материјално-техничките капацитети (опрема);
- Соодветни обуки за опремата;
- Подобрување на капацитетите за мобилност и оперативните капацитети на мобилната единица;
- Овозможување онлајн пренос на реалната слика од стационарните кули за надзор со кои оперираат ПС за ГН и понатамошно препраќање до Командно-контролниот центар во Скопје.

### 3.5 Конкретна цел: Подобрување и зајакнување на капацитетот за проверка на патни документи во согласност со барањата и најдобрата практика на ЕУ

**Актуелна состојба:** Многу земји во светот потврдуваат дека проверката на документите е од суштинско значење кога е во прашање миграцијата и безбедноста на граничната контрола, а особено способноста за откривање и споделување на информации за лажни документи. Во моментов, опремата и алатките за проверка на документи не се во согласност со стандардите кои се усвоени во меѓународни рамки и во ЕУ.

**Очекувани резултати:** Моменталниот организациски систем за циркулирање на информации (примероци, копии) од патните документи, вклучувајќи и опис на безбедносните карактеристики, идентификувани лажни и фалсификувани документи на меѓународно, централно, регионално и локално ниво, треба да се подобри на начин кој ќе овозможи ефективна, систематска и навремена поддршка за персоналот на Граничната полиција кој врши проверка на патни документи. Покрај тоа, експертите на Одделението за испитување на спорни документи треба да бидат активно вклучени во процесот на континуирана и напредна обука на персоналот за вештачење на документи. Потребно е да се развијат техничките капацитети за вршење испитувања на документи на граничните премини и во патничките возови во движење. Рачното внесување на прекумерен број податоци во уредите за верификација за време на проверките не овозможува брзи и ефективни гранични проверки и ја намалува севкупната ефективност при обработка на податоците на патниците на граничните премини. Исто така треба да се подобрат достапноста и квалитетот на специјалната опрема за откривање сокриени мигранти, дрога, експлозиви и други шверцувани предмети.




За да се постигне оваа цел, предвидени се следниве мерки:

- Воспоставување на централно управувана електронска база на податоци за автентични и фалсификувани патни документи;
- Развивање (прилагодување) и имплементирање на плановите за стручна и напредна обука за подобрувања во проверките на документи;
- Набавка на напредна опрема за Одделението за испитување на спорни документи и прволиниско и второллиниско испитување на документи, и специјална опрема за ПС и РЦ;
- Подобрување на функционалноста и софтверот за скенирање патни документи, и на техничките капацитети на комуникациската мрежа на граничните премини.

### 3.6 Конкретна цел: Понатамошно развивање на меѓународната соработка и зајакнување на ефективноста на интер-агенциската соработка

**Актуелна состојба:** Не може да се постигне понатамошен напредок на граничната контрола и безбедност без одржлива и развиена меѓународна соработка во тековниот контекст на глобализација. Земјата одржува меѓународната соработка во областа на граничната контрола со партнерите од Бугарија, Албанија, Србија и Косово и,  до одреден степен, со Грција. Соработката се базира на меѓународни договори, договори за соработка помеѓу агенциите на граничната полиција, редовни состаноци и конкретни планови за соработка. Соработката се состои од редовни здружени патроли, координирана распределба на технички и човечки ресурси и активности во заедничките контакт центри.

**Очекувани резултати:** Треба да се преземат понатамошни чекори за да се развијат нови алатки за соработка за продлабочување и проширување на оперативната соработка со соседните земји и земјите-членки на ЕУ како и меѓународните агенции.

За да се постигне оваа цел, предвидени се следните мерки:

- Воспоставување на заеднички проверки на патнички возови;
- Изготвување и склучување на билатерален протокол (работен договор) со Грција за соработка во однос на гранични прашања;
- Понатамошна елаборација на соработката според работниот договор со FRONTEX;
- Воспоставување на мрежа на полициски службеници за врска (која покрива и гранични и имиграциски прашања) во странски земји;
- Испитување на можноста за воспоставување на систем – една точка на контрола на Граничната полиција (One Stop Control).

### 3.7. Конкретна цел: Зајакнување на оперативната ефективност преку подобрување на можностите за откривање, пресретнување, мобилност и реакција

**Актуелна состојба:** Достапноста и поддршката на модерните интегрирани системи за надзор овозможуваат ефективно да се користат техничките и човечките ресурси и да се подигне нивото на реализација на граничните операции. Постојат неколку локации во граничните области каде што се инсталирани надзорни кули со опрема за дневен и ноќен надзор. Тие се лоцирани земајќи ја предвид константната природа на ризиците (во густо населени гранични области) и се докажани како ефективни. Поставувањето на стационарни системи за надзор треба да продолжи на интегриран и детално развиен начин и на оние локации каде што овој тактички пристап би се докажал како ефективен.

Генерално, Граничната полиција располага со ограничена основна рачна опрема за откривање на неовластени активности на границите. Поголем дел од опремата се користи речиси 10 години, дел од опремата е едноставно застарена, расипана или чека на долг список за средства за поправка. Бидејќи дел од опремата беше добиена од меѓународни донатори, услугите за одржување и поправка не се достапни во земјата. Покрај тоа, оперативните капацитети и способностите за пресретнување и реакција се многу мали и неефективни поради екстремно малиот број и лошата техничка состојба на патролните возила.

**Очекувани резултати:** Способностите за пресретнување и реакција треба да се подобрат и зајакнат и на водените граници со соседните земји. Потребно е да се зајакне капацитетот и спремноста за интеракција со различни оперативни одделенија на МВР и други национални агенции и меѓународни партнери во итни случаи кои се појавуваат во граничните области и на граничните премини, како што е транспортот на оружје, нуклеарни материјали, опасни хемикалии или опасен отпад, еколошки катастрофи, епидемии на животински болести или сериозни ризици поврзани со хигиената на храната и сточната храна, поради нивната огромна важност за животите, безбедноста и сигурноста на населението.

За да се постигне оваа цел, предвидени се следниве мерки:

- Инсталирање на стационарни / мобилни надзорни системи на зелената граница и водената граница (езера);
- Набавка на рачна опрема за граничен надзор;
- Набавка на транспортни средства, вклучувајќи и специјален транспорт и чамци;
- Подобрување на плановите за итен случај (непредвидени настани) преку преглед, ажурирање и вршење практични вежби за обука за да се осигура интеракција помеѓу релевантните единици;
- Релокација на постоечките пловни објекти.

### 3.8. Конкретна цел: Понатамошен развој на управувањето со ризик и анализа на ризик согласно барањата и најдобрата практика на ЕУ

**Актуелна состојба:** Земјата е значително засегната од драматично зголемениот прилив на нелегални мигранти. Анализата на последните случувања поврзани со овој проблем не покажува знаци на тренд на намалување во блиска иднина.

**Очекувани резултати:** Од суштинско значење е постоењето на граничен безбедносен систем воден од анализа на ризик, особено што границите на земјата се засегнати и од други видови на криминал, вклучувајќи криумчарење на дроги, возила и луѓе. Во вакви услови од примарно значење е онадградувањето и понатамошнотп развивање на системот за управување со ризик, кој треба да се заснова на принципите на Интегрирано гранично управување (ИГУ) и на принципите на CIRAM верзија 2.0.

Сите криминални дејствија поврзани со границата, вклучувајќи и криумчарење на акцизни стоки, треба да се анализираат во еден документ со намера во блиска иднина во тој документ, во случаи каде што е релевантно, да може да се вклучат и царински информации.

За постигнување на оваа цел се предвидени следните мерки:

- НКЦ за ИГУ треба да подготвува сеопфатни месечни, квартални и годишни Проценки на ризик за целата земја со придонес од страна на сите чинители, како и придружен Акционен план за секоја Проценка на ризик согласно стандардите на EU FRONTEX, почнувајќи од 2016 година;
- НКЦ за ИГУ ќе има извршна моќ да координира и одговара на Проценките на ризик и да управува со ризиците, прераснувајќи во центар каде што ќе се одвиваат сите активности поврзани со ИГУ за најбрзо справување со ризиците;
- Хармонизација на процедурата за управување со ризици, со цел поставување стандарди за продуктите од анализа на ризик, за делегирање на задачите помеѓу различните единици на БЈБ, како и стандарди за протокот на информации - во текот на 2016 и 2017 година;
- Одржување на обуки за новиот Концепт на управување со ризици и Анализа на ризици поврзани со безбедноста на границите за сите вработени - во текот на 2016 до 2020 година;
- Создавање на унифицирана статистичка база на податоци за настани која ќе служи како важна алатка и извор на информации за анализа на ризик - во текот на 2016 до 2020 година.

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4

# ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ НА ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВОТО НА ДОВЕРБА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И ПОЛИЦИЈАТА, ВКЛУЧУВАЈЌИ И ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## 4.1 Конкретна цел: Зголемување на капацитетите во борбата против корупцијата во согласност со барањата на ЕУ преку развој на конкретна политика

Основното барање на ЕУ е земјата-кандидат за членка да се придржува до принципите на демократското општество и владеењето на правото. Според тоа, во борбата против корупцијата е потребен широк и интегриран пристап кој ги содржи сите релевантни аспекти за намалување на корупцијата во рамките на полицијата до едно прифатливо ниво.

**Актуелна состојба:** Во моментов Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС) е организациска единица во МВР која е надлежна за законито и професионално постапување на припадниците на МВР, како и надлежна да води истраги против припадници на МВР во случај на сомневање за незаконско и коруптивно постапување. Покрај ОВККИПС, истраги за корупција вршат и други едници во МВР: Единица за корупција во ОСОСК и СВР.

**Очекувани резултати:** Потребна е ревизија на структурата, како и нови критериуми и аспекти на квалитет поврзани со повисок квалитет на истрагите. На централно ниво на МВР мора да се утврдат стратешкото планирање, надзорот и критериумите за внес, квалитет и униформираност на истрагите. Акцентот во борбата против корупцијата треба да биде ставен пред сè на превенција на неетичкото однесување и постапување што ќе се постигне со континуирана едукација и развој на основните вредности и морални стандарди кај вработените.

За постигнување на оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Креирање на организациска единица во БЈБ која ќе биде одговорна за внатрешни истраги и интегритет, односно за идентификување на индикатори за ризик за коруптивно однесување на полициските службеници, која ќе функционира како претходница на ОВККИПС, во секојдневна заемна комуникација и соработка;
- Развој на основни вредности, морални стандарди, ставови и етичко однесување за полициската работа;
- Обуки од највисокото до најниското ниво, со посебен акцент на оние полициски службеници кои се поставени на раководни функции;
- Изготвување на Антикорупциска програма на БЈБ, вклучувајќи и Акциски план;
- Дефинирање на Процедура за соработка помеѓу ОВККИПС и Единицата за корупција во ОСОСК и Јавното Обвинителство.

### 4.2. Конкретна цел: Истраги на корупција во полицијата и развивање на ефективен и соодветен метод за филтрирање на лажни пријави на граѓани, и соодветно зголемување на свеста кај граѓаните

**Актуелна состојба:** Во моментов истрагите на корупција во полицијата се во надлежност на Одделот за внатрешна контрола, како и Единицата за корупција во рамки на ОСОСК. Исто така, кога станува збор за дисциплински постапки, истите се водат од страна на дисциплински комисии чие мислење се доставува до Одделот за човечки ресурси.

Националната и меѓународната свест по однос на корупцијата во последните години беше зголемена со помош на медиумска кампања. Кампањата имаше ефект затоа што беа доставени голем број пријави - околу 1200 на годишно ниво.

**Очекувани резултати:** Според најдобрите ЕУ практики, потребно е формирање на Единица во рамките на БЈБ задолжена за внатрешни истраги и интегритет, со корективна и превентивна функција, која би се справувала со случаите на неетичко полициско однесување и постапување. При случаите со индиција за кривично дело треба веднаш да се извести и активно да се вклучи и Одделот за внатрешна контрола.

Мора да бидат креирани методи и инструменти со кои граѓаните ќе се информираат за статусот на пријавите. Потребна е ревизија на структурата и дефинирање на нови критериуми и аспекти на квалитет, со цел да се подигне нивото на квалитет на истрагите на корупција во полицијата. Исто така, со цел борбата против корупцијата кај полициските службеници да даде резултат, но и со цел да се развие соработка со општеството во согласност со целите на работата на полицијата со заедницата, потребен е метод за препознавање на лажните од вистинските пријави.

За да се постигне оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Формирање на работна група на стратешко ниво за унифицирање на начинот на водење истраги за корупција кај полициските службеници;
- Анализирање на постоечките процеси на истрага, вклучувајќи и претставки од граѓани (квалитет и квантитет);
- Реформирање на структурата на водење на истраги за корупција кај полициските службеници;
- Развивање на политика за заштита на дојавувачи;
- Развивање на процедура за пријави, вклучувајќи и последици;
- Развивање на медиумска стратегија за пријави/лажни пријави;
- Креирање индикатори за валидност/лажирање пријави;
- Зголемување на свеста за причините за пријавите;
- Следење и оценување на пријавите на месечна основа;
- Анализа на соработката со граѓаните и медиумите;
- Анализирање на научените лекции од пријавите и извршените истраги, и нивен трансфер како активности во превентивниот пристап;
- Процедура за рехабилитација, вклучувајќи и преземање одговорност.

### 4.3. Конкретна цел: Развој на процес за професионална и континуирана едукација за борба против корупција во согласност со најдобрите практики на ЕУ

**Актуелна состојба:** Во рамките на ЕУ-ИПА проектот, имплементиран од страна на Советот на Европа, беа изготвени три модули за основна и континуирана обука од областа на почитување на човековите права при полициското работење. Посебен акцент беше ставен и на полициската етика и интегритет, при што вработените во БЈБ (од централно и од регионално ниво) беа обучени, од страна на меѓународни експерти, за идентификување на коруптивни ризици, спречување на истите и нивно процесуирање пред надлежните органи. Обучените полициски службеници имаат реализирано каскадни обуки на регионално ниво.

За жал, сеуште постои премногу парцијален ад хок пристап во обуките, што не соодветствува со добрите ЕУ практитки, бидејќи самиот збор 'континуирана' означува дека обуката треба да трае. Исто така, не постои полициска публикација со примери од праксата, која ќе овозможи полициските службеници да се активно инволвирани во проценката на законито, етичко и стручно полициско постапување.




**Очекувани резултати:** Полициските службеници имаат потреба од редовни работилници или обуки на теми од областите полициска етика, ризици во полициската работа, употреба на сила, професионален однос кон граѓаните, и слично. Со цел да се зголеми продуктивноста на обуката, целните групи треба да се соодветно идентификувани. За секоја целна група треба да постои

соодветно прилагодена програма на основа на научените компетенции, која ќе вклучува интерактивни методи за подобрување на знаењето, ставот и вештините на полициските службеници.

За да се постигне оваа цел, предвидени се следниве мерки:

- Управување со обука за полициска етика и спречување корупција за стратешко, тактичко и оперативно управување;
- Обука за инспектори за корупција и неетичко однесување во полицијата (закон, процедури, испрашување, начини на докажување, известување, техники);
- Обука за управување според личен пример;
- Обука за специјалисти за истражување корупција, вклучувајќи и тактики и техники;
- Обука за полициски службеници за улогата на полицијата во општеството, квалитетот на полициската работа во врска со полициската етика и спречувањето корупција;
- Обука за зајакнување на улогата на раководителите во борбата против корупцијата и подобрување на полициската етика;
- Обука за членовите на Дисциплинска комисија;
- Обука за управување со случаи/ситуации;
- Формулирање на етички ризици во полициската работа за секој оддел/одделение.

### 4.4. Конкретна цел: Зајакнување на работата на полицијата со заедницата

**Актуелна состојба:** Работата на полицијата за спречување криминал и работата на полицијата со заедницата на регионално и локално ниво е добро структурирана и вклучува соработка со сообраќајната полиција, одделенијата за борба против криминалот и одделенијата за превенција. Во оваа структура во иднина е потребно да биде вклучена и работата на Граничната полиција со заедницата со цел размена на информации на регионално и на локално ниво.

Со новата систематизација формирана е Единица во рамки на БЈБ, преку која ќе се дефинираат методологиите за работа, стандардите за квалитет во полициското работење како и координација на активностите за превенција и за работата на полицијата со заедницата. Слично вакво тело е воспоставено и на ниво на МВР.

**Очекувани резултати:** Доколку статистичките податоци за криминалитетот достапни за јавноста се збогатат со дополнителни информации, тоа ќе допринесе за зголемување на довербата на јавноста во полицијата.

Недостатокот на буџет за спроведување на активностите за работа на полицијата со заедницата има голем негативен ефект врз самоодржливоста на активностите на полицијата при работа со заедницата.




(Фото: Нова Македонија)

За да се постигне оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Спроведување на обука предвидена во Стратегијата за работа на полицијата со заедницата;
- Достапност на јавната статистика на БЈБ за граѓаните преку веб-страната на МВР или изработка на нова веб-страна на БЈБ специјално за таа намена;
- Промовирање на работата на полициските службеници со заедницата преку јакнење на нивната улога;
- Доделување на буџет за активности за полициското работење со заедницата.

### 4.5. Конкретна цел: Зајакнување на нивото на доверба во полицијата со посебен фокус на меѓуетничките односи и примена на родовиот принцип

**Актуелна состојба:** Во основа, недостасува познавање на можните реперкусии од меѓуетничките инциденти, дури и од помали размери. Полицијата треба да биде многу повеќе проактивна во оваа сфера од претходно. Постои тенденција на потценување на меѓуетничките инциденти и нецелосно познавање на последиците дури и од помалите настани. Потребно е воспоставување позитивни мерки од страна на полицијата со цел таа да се стекне со легитимност и доверба од припадниците на сите етнички групи. Воедно, потребна е и зајакната примена на родовиот принцип. Застапеноста на женски раководители на централно ниво е добра, со оглед дека двајца од пет Помошници директори на БЈБ се жени. Се очекува овој сооднос да биде задржан и во иднина, и на регионално раководно и оперативно ниво.



**Очекувани резултати:** Со цел да се зајакне довербата во полицијата од страна на одредени групи во општеството, потребно е да се развијат механизми за соодветен третман на жртва во процес на кривична постапка, како и постојано поттикнување на комуникацијата, но и воспоставување на надворешен механизам за надзор врз работата на полицијата.

За да се постигне оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Водење на соодветна и правична застапеност на етничките заедници во рамките на БЈБ;
- Обуки за соодветен третман на жртва во процес на кривична постапка, како и постојано поттикнување на комуникацијата;
- Евалуација на јавното мислење на граѓаните за полицијата.

## 4.6. Конкретна цел: Развој на стандарди за простории за интервју со деца – жртви

**Актуелна состојба:** Некои од седишните згради на СВР и полициски станици имаат недостаток од простории кои се наменети за интервјуа со деца – жртви. Во моментов постојат 8 посебни простории за водење разговор со деца.

**Очекувани резултати:** Со цел да се подигнат стандардите од аспект на заштита на правата на децата- жртви, потребно е да се обезбедат и опремат простории за разговор со деца-жртви и тоа во дванаесет полициски станици, а дополнително во зависност од потребите и состојбата ќе се предлагаат нови решенија.

- (Ре)конструкција на простории за деца-жртви согласно приоритетите.

Со ова се очекува повисок степен на заштита на децата, намалување, односно целосно исклучување на степенот на секундарна виктимизација, и подигнување на стандардите за спроведување интервју со деца.

## 4.7. Конкретна цел: Јакнење на техничките капацитети на просториите за задржување во полициските станици

**Актуелна состојба:** Согласно Решението за определување на ПС за задржување на лица (Службен весник на РМ број 163/11) донесено од Министерот за внатрешни работи, определени се 38 ПС. Во 2012 година, донесен е *Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат просториите за задржување на лица во полициските станици од општа надлежност во Секторите за внатрешни работи во Бирото за јавна безбедност.* Во моментот општите стандарди се постигнати само во 9 полициски станици.

Во рамките на ИПА 2009 „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица", во вкупно 21 полициска станица опремени се 38 простории за задржување.

**Очекувани резултати:** Со цел да се постигне целосна заштита на правата на задржаните лица, потребно е да се реконструираат и просториите за задржување и во останатите ПС определни со Решението, согласно стандардите утврдени во Правилникот, по претходно утврден план за приоритети.

Предвидени се следните мерки за постигнување на целта:

- Постигнување на стандардите утврдени со Правилникот;
- Заштита на правата на лицата на кои им е ограничено правото на слобода на движење;
- Постигнување на европските стандарди определени од Советот на Европа (Комитетот против тортура).

## 4.8. Конкретна цел: Превенција и управување со кризи

**Актуелна состојба:** Министерството за внатрешни работи редовно ја промовира превенцијата во контекст на намалување на ризиците од катастрофи и во контекст на обединување на превентивните активности на Системот за управување со кризи и Системот за заштита и спасување со сите останати институции кои се инволвирани.

**Очекувани резултати:** Потребна е ефективна меѓу-секторска и меѓу-институционална соработка на институциите инвловирани во Системот за управување со кризи, кој се организира и остварува заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди, епидемии или други ризици и опасности кои директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста.

За успешна реализација на оваа цел потребно е да се преземат следните активности:

- Во Министерството за внатрешни работи да се промовира превенцијата во контекст на намалување на ризиците од катастрофи, а со намера да се обединат превентивните активности во Системот за управување со кризи и Системот за заштита и спасување, како и во сите останати инволвирани институции;
- Континуирано да се преземаат мерки за подигнување на јавната свест кај граѓаните, промовирање на култура на превенција и развивање на безбедносна култура заради ефикасно справување со ризиците од катастрофи;
- Со обуките на полицискиот кадар да се обезбеди ниво на стручна подготвеност и оспособеност за навремено и квалитетно извршување на задачи во раното предупредување, во можните опасности и појавата на кризи, како и за постапки во посткризниот период. Во овој сегмент е потребно приоритет да се даде на подобрување на подготвеноста и способноста на капацитетите на МВР за планирање, координација и соработка со субјектите во Системот за управување со кризи, со посебен осврт на обуки за изработка на „Планови за функционирање на МВР во кризна и сложена безбедносна состојба" и „Менаџирање и справување со кризни и сложени безбедносни состојби", во кои ќе биде опфатен раководниот полицискиот кадар кој во делокругот на задачи ги има овие активности;
- Обезбедување на континуирана поддршка и ресурси влучувајќи материјални, финансиски, човечки и други ресурси со кои ќе се овозможи ефиксно реализирање на целите во областа на превенцијата и справувањето со кризна состојба.

## 4.9. Конкретна цел: Обезбедување и заштита на определени личности и објекти

**Актуелна состојба:** Основната цел на Одделот за заштита на определени личности и објекти е понатамошна институционално-организациска надградба и развој на капацитетите со високо обучени и професионални полициски службеници, со цел овој Оддел да може да се справи со сите можни предизвици во работењето и да овозможи максимално високо ниво на безбедност и заштита на личностите и објектите кои се обезбедуваат.

**Очекувани резултати:** Во поглед на објектите кои ги обезбедува полицијата, потребно е да се направи анализа на состојбата, со цел да се утврди дали и кои објекти би можеле да се обезбедуваат од страна на приватни компании за обезбедување. Со отстапување на обезбедувањето на одредени објекти на приватните компании, полициските службеници ќе бидат прераспределени и ќе се искористат на многу поефикасен начин.

За да се постигне оваа цел, за блиска иднина предвидени се следниве мерки:

- Да се стандардизира процедурата за избор на персонал кој ќе работи во Одделот за заштита на определени личности и објекти;
- Задолжителна основна обука за новите вработени во Одделот;
- Воспоставување на капацитет за континуирана обука со инструктори кои веќе работат во Одделот;
- Минимум потребна опрема за Одделот во согласност со најдобрите практики на ЕУ.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5

# СЕОПФАТЕН ПРИСТАП ВО ПОГЛЕД НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

### 5.1 Конкретна цел: Човечки ресурси

**Актуелна состојба:** Во Министерството за внатрешни работи постојат три служби за човечки ресурси - на ниво на самото министерство, на ниво на УБК и за потребите на Бирото за јавна безбедност. Таквата организациска поставеност претставува непотребна **триплификација** на работата, и следствено непотребно администрирање на трите служби за човечки ресурси. МВР не е толку бројно застапено за да може долгорочно да ја издржи ваквата поставеност.

Во БЈБ, Одделот за човечки ресурси има новоусвоена "Стратегија за човечки ресурси" за 2014-2018 година која ги идентификува и дефинира стратешките приоритети за управувањето со човечките ресурси. Стратегијата за човечки ресурси се фокусира на градење на организациска култура преку постојано синергиско дејство и внатрешна интеграција на целиот персонал. Взаемната почит, меѓусебната доверба и организациската посветеност ја сочинуваат суштината на холистичкиот модел, и истите ќе бидат дополнително разработени во Акцискиот план на оваа Стратегија.



**Очекувани резултати:** Се очекува во рамките на МВР да опстојува само една служба за управување со човечки ресурси, која ќе има адекватна софтверска подршка за водење на електронски досиеја за вработените во МВР. Одделението за обука и развој треба да се одвои од Одделот за човечки ресурси и целосно да се премести во рамки на Центарот за обука. Одделот за ЧР треба да има пристап до електронските информации за вработените, како и до информации за спроведените обуки.

Во текот на следната година, се смета дека примената на сеопфатниот пристап во човечките ресурси ќе го зголеми професионалниот развој и развојот на кариерата на персоналот на МВР. Исто така, овој пристап ќе се разработи од аспект на зајакнување на администрацијата и воведување на континуирана обука и оценување на успешноста на обучениот персонал, менторство и назначување персонал согласно потребите.

За да се постигне оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Децентрализација на одговорностите за донесување одлуки во врска со човечките ресурси;
- До Одделот за човечки ресурси да се доставуваат извештаи за пополнување на оние работни позиции кои постојат согласно систематизацијата, а не се кадровски пополнети, така што тие ќе имаат предност во распределбата на човечките ресурси;
- Да се одржуваат состаноци заедно со Секторот за стратешко планирање и секторите кои се справуваат со криминал со цел да се оцени минималниот број на полициските службеници кои работат во секој регион;
- Преглед на процедурите за унапредување и развој во кариерата;
- Вработување по еден психолог во секој СВР (кој ќе ги опслужува и полициските службеници од граничната полиција во регионот) и еден психолог на централно ниво како поддршка за персоналот кој секојдневно се соочува со стресни ситуации;
- Применување на рамноправна родова застапеност.

## 5.2. Конкретна цел: Систем на кариера базиран на заслуги

**Актуелна состојба:** БЈБ направи напредок со дизајнирањето на општа Стратегија за управување со човечки ресурси, во која при вработувањето на нови кадри се зема предвид развојот на кариера базиран на заслуги, и мерливост и транспарентност. Сепак, поради континуираното политичко влијание ефективната имплементација на системот за развој во кариерата ќе претставува вистински предизвик. Структуралните промени секогаш имаат негативен ефект врз вработените бидејќи тие мора одново да аплицираат на интерните огласи за работните позиции кои веќе ги пополнуваат.

**Очекувани резултати:** Потребно е да се изнајде најефикасен начин за намалување на ефектите од структуралните промени врз вработените.

За да се постигне оваа цел предвидени се следниве мерки:

- Развивање на систем на кариера којшто ќе овозможи следење на кариерата за секој вработен вклучувајќи извештаи за претходното работно искуство, награди, казни, капацитети, поминати обуки и поплаки;
- Идентификација на поспецифични критериуми при вработување;
- Идентификација на поспецифични критериуми за унапредување на вработените.

### 5.3. Конкретна цел: Нов изглед и униформа за полицијата

**Актуелна состојба:** На постоечката полициска униформа ѝ недостига практичност, како и соодветен квалитет. Нецелосното применување на кодот за облекување веќе има негативен ефект во стекнувањето на почитта и довербата на граѓаните.

**Очекувани резултати:** Промената на полицискиот изглед и униформа е неопходна за непречено и ефикасно остварување на полициските задачи, како и за успешно градење на довербата кај граѓаните, и за имплементирање на концептот на работа на полицијата со заедницата и пристапот базиран на услуга.



## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВОТО НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА И БЕЗБЕДНОСТА ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

### 6.1. Конкретна цел: Безбедност во сообраќајот на патиштата

**Актуелна состојба:** Стратешка цел на Сообраќајната полиција е зголемување на безбедноста за сите учесници во сообраќајот на патиштата преку намалување на бројот на сообраќајни незгоди и последиците од истите, со посебен акцент на намалување на жртвите во сообраќајот на патиштата.

**Очекувани резултати:** За остварување на целта предвидени се следните активности:

- Јакнење на капацитетите на Бирото за јавна безбедност во делот на сообраќајните работи;
- Примена на софистицирана опрема и уреди за следење, контрола и документирање на прекршоци во сообраќајот на патиштата како и соодветна материјално-техничка опременост согласно потребите за успешно справување со проблемите на терен во контролата и регулирањето на сообраќајот на патиштата;
- Соработка со соодветните служби од други држави од областа на сообраќајните работи и размената на искуства и знаења во примената на современите методи за работа и современите технички уреди и опрема;
- Подигање на нивото на свеста на учесниците во сообраќајот за нивната сопствена безбедност и безбедноста на другите учесници.



За да се постигнат овие цели, односно за да се спроведат наведените активности, предвидени се следниве мерки:

- Подготовка на статистичка анализа со компаративна статистика за полициско работење, категоризирана според загрозувачките прекршоци во сообраќајот (брзина, страна на движење, првенство на минување, алкохол, претекнување, разминување и др.), на дневно, неделно и месечно ниво;
- Годишна компаративна статистика за полициско работење во областа на сообраќајот;
- Годишна компаративна статистика: сообраќајни незгоди и настрадани лица според временскиот период и условите на патот, според видот на незгодата, според учесниците (возач, сопатник, велосипедист, мотоциклист, пешак и др.), возраста и полот, причините за незгодите и др.;
- Набавка на соодветна материјално-техничка опрема и уреди кои се потребни за работа на сообраќајната полиција;
- Набавка на опрема и уреди кои се потребни за вршење на увид на место на сообраќајни незгоди;
- Обука за стекнување на вештини и знаења на напредно ниво на униформираните полициски службеници за безбедност на сообраќајот на патиштата (контрола и регулирање на сообраќајот, вештини за возење и др.);
- Опремување на возилата со инсталирање на камери во полициските возила кои ќе се користат за време на вршење на контрола на возилата и возачите;
- Соработка со органите на локалната самоуправа (комуналните инспектори) во давање на стручна помош во спроведување на законската обврска за надзор и преместување на непрописно запрени и паркирани возила;
- Зголемување на превентивното делување во сообраќајот на патиштата (соработка со средствата за јавно информирање, преку специјална едукативна програма за безбедноста во сообраќајот на патиштата);
- Размена на искуства и знаења во однос на методологијата на работа, уредите и опремата кои се користат во областа на сообраќајните работи (студиски посети, семинари и др.).

### 6.2. Конкретна цел: Употреба на аудио-видео систем за време на интеракцијата со граѓаните

**Актуелна состојба:** Во постапка е набавка на аудио и видео систем за снимање на полициските постапки од страна на пилот-проект на ICITAP. Сепак, во моментов недостасува законска регулатива за употреба на аудио-видео опрема за снимање на полициските постапки.

**Очекувани резултати:** Највежен предуслов е промена на легислативата, со што би се добила законска основа за употреба на аудио-видео системот во полициските постапки. Конечно, треба јасно да се предвиди и чувањето, архивирањето и постапката со снимените материјали.

Аудио-видео опремата за полициските службеници кои работат во областа на пешачки и сообраќајни патроли е потребна за следење, контрола и документирање на прекршоци во сообраќајот на

патиштата, како и за подобрено собирање докази и евидентирање на работата на полицијата. Со цел да се намали можната или воочена корупција во рамките на полициската служба, би било корисно да се користи аудио-видео систем за време на интеракцијата со граѓаните.

## 6.3. Конкретна цел: Оперативен комуникациски центар

**Актуелна состојба:** Употребата на Оперативниот комуникациски центар покажа позитивен ефект во намалувањето на криминалот во Скопје. Освен во СВР Скопје, Оперативните комуникациски центри не заживеаја во вистинска смисла на зборот во другите СВР во земјата, со што се попречува брзото и ефикасното интервенирање на полициските служби. Во Оперативниот комуникациски центар во Скопје и во другите СВР, пријавите од граѓани и постапувањето на полициските службеници се евидентира во електронска апликација „Дневен билтен на настани" каде се следи текот на пријавата и постапувањето на полициските службеници. Исто така, не постои систем на мерење на време на реакција на полицијата од пријавување на настанот до пристигнување на полицијата на лице место.

Недоволно дефинираната улога на полициските службеници, во комбинација со недостатокот на адекватна опрема за оперативна комуникација помеѓу ОКЦ и патролите кои се упатени на местото на настанот, исто така претставуваат сериозна пречка за добивање на поефикасно и побрзо време на реакција на полицијата. Покрај електронското евидентирање на пријавите од граѓани, полициските службеници во Оперативните комуникациски центри и полициските станици, поради недоволната надградба на електронскиот системот, принудени се истите податоци рачно да ги внесуваат во повеќе полициски евиденции  со што  значително се губат човечки ресурси во административни работи и се намалува ефикасноста на полицијата.



**Очекувани резултати:** Во наредните 5 години се очекува да има современи оперативни комуникациски центри и во другите Сектори за внатрешни работи, каде ќе се инсталира нова електронска апликација за евидентирање, следење и постапување по пријавите од граѓани со истовремено водење на сите полициски евиденции. Со тоа ќе се намалат административните обврски во полициските станици од општа надлежност, а повеќе време ќе се издвојува за оперативна работа. Дополнително, во полициските возила ќе се инсталираат GPS уреди, безбедносни камери, камери за автоматска контрола на брзина и систем за онлајн следење и управување на полициските возила.

Резултати кои се очекуваат да се постигнат со овие активности се:

- Појасна улога на вработените во оперативниот комуникациски центар;
- Преминување од печатена форма во унифицирани дигитални записи;
- Воспоставување електронски евиденции во ПС и ПО.



# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 7

# ПОДОБРУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

## 7.1. Конкретна цел: Зајакнување на капацитетите на Националниот координативен центар за организиран и сериозен криминал

**Актуелна состојба:** На 1 април 2014 Владата донесе одлука за формирање на Национален координативен центар, со цел зголемување на националната соработка во борбата против организираниот и сериозниот криминал. Со оваа одлука е утврдено дека во него ќе бидат вклучени вработени во Министерството за внатрешни работи со аналитички вештини (2 члена), од Царинската управа (1 член), од Управата за финансиска полиција (1 член), од Управата за финансиско разузнавање (1член), Управата за јавни приходи (1 член) и еден јавен обвинител. Со Националниот координативен центар предвидено е да раководи Директорот на БЈБ, кој воедно ќе ја има и улогата на Претседател.

**Очекувани резултати:** Националниот координативен центар за организиран и сериозен криминал мора да стане активен и оперативен со што ќе се овозможи:

- Развивање на Национален разузнавачки модел;
- Ефикасно идентификување на криминални групи кои делуваат на територијата на земјата или на меѓународно ниво;
- Поддршка и координација на заеднички истраги;
- Утврдување на национални приоритети и закани, и учество во изготвување на стратешки продукти;
- Ефикасна и брза размена на информации помеѓу агенциите за спроведување на законите;
- Поддршка на меѓународни заеднички истражни тимови.

За активирање на Националниот координативен центар се потребни следниве мерки:

- Изготвување на Акциски план за имплементација;
- Опремување на работни простории на НКЦ;
- Назначување на персонал;
- Ревидирање на Стандардните оперативни процедури за постапување во Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал;
- Воспоставување на правила за доверливост и безбедност;
- Воспоставување на евиденции согласно СОП;
- Дефинирање на мрежна архитектура на НКЦ и централен систем за управување;
- Софтверски решенија за НКЦ и развој на ИТ инфраструктура.

### 7.2. Конкретна цел: Зголемување на бројот на билатерални полициски офицери за врска надвор од земјата и во меѓународните организации

**Актуелна состојба:** Македонската полиција има обучен и компетентен персонал кој е веќе активен во меѓународните организации, во СЕЛЕК, ЕВРОПОЛ и ИНТЕРПОЛ. Иако во соработка со Министерството за надворешни работи е целосно изработена законска легислатива за условите за упатување на полициски аташеа во странство, во моментов земјата нема упатено ниту еден свој претставник.

**Очекувани резултати:** Потребно е да се направи проценка на потребите за упатување на полициски аташеа во држави во регионите од интерес. Со распределба на буџетот за вработување на персонал во доделените или договорени позиции, како и привременото назначување надвор од земјата, ќе се зголеми меѓународната соработка и видливоста на македонската полиција.

Дополнително, потребна е и модернизација на ИТ структурата на Секторот за меѓународна полициска соработка (СМПС) со цел да се максимизираат придобивките од меѓународната соработка.

Исто така персоналот треба да ги следи новите трендови во областа на меѓународната полициска соработка и континуирано да посетува соодветни обуки.

### 7.3. Конкретна цел: Овозможување директен пристап за персоналот на СМПС до сите полициски бази на податоци со цел подобрување на меѓународните капацитети

**Актуелна состојба:** СМПС во моментов нема пристап до системот за контрола на патници и возила СКПВ – систем на Одделот за гранични работи и миграции, како и до базите на ОСОСК.

**Очекувани резултати:** Со цел подобрување на меѓународната соработка и зголемување на ефикасноста и навременоста при размената на информации, неопходно е овозможување на директен пристап до сите национални бази на податоци за персоналот за СМПС.

### 7.4. Конкретна цел: Зголемување на капацитетите на национално ниво за пристап до меѓународните бази на податоци

**Актуелна состојба:** Само некои служби ги поседуваат алатките и базите на податоци: FIND, ASF, iARMS, SIENA, итн. Повеќето од нив, како што се Секторот за полициски работи од општа и посебна надлежност, Одделот за гранични работи и миграции, Управните служби при МВР, не ги поседуваат горенаведените алатки и бази на податоци.

**Очекувани резултати:** За зголемување на капацитетите на националните служби за пристап до меѓународните бази на податоци, неопходно е да се прошири користењето на алатките и сервисите на меѓународните полициски организации (FIND, ASF, iARMS, SIENA,итн.).

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 8

# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА

## 8.1. Конкретна цел: Дефинирање на улогата на Единицата за стратешко планирање при Бирото за јавна безбедност

**Актуелна состојба:** Улогата на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет е, преку советниците, да ги контролира и да врши надзор на организациските единици во БЈБ. Во однос на меѓународната соработка не постои една заедничка централизирана евиденција за проектите од каде може да се врши раководење, следење, нивна имплементација, мониторинг и надзор. Во моментов исто така не постои една централна контакт-точка која би требало да располага со информации од сите иницијативи дадени од меѓународните организации за проекти, обуки и друг вид на меѓународна полициска соработка, како и информации за полициски аташеа – офицери за врска упатени во земјата.

**Очекувани резултати:** Единицата за стратешко планирање треба да има целосен увид во поддршката која доаѓа од страна на меѓународните организации и она што тие го нудат како проекти, обуки, идни планови и помош. Исто така, оваа Единица треба да располага со ажурирани информации за упатените полициски аташеа – офицери за врска во земјата.

Со поставувањето на ИТ платформа со заедничка евиденција, во која би се внесувале сите податоци за постоечките проекти каде БЈБ е краен корисник, ќе се координираат активностите кои се однесуваат на програмирање, имплементација и мониторинг на проектите. На овој начин ќе се овозможи целосен преглед над сите меѓународни проекти и нивниот статус, и ќе се избегне потенцијалното преклопување на истите.

Единицата за стратешко планирање при БЈБ треба да биде одговорна за следење, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати од имплементацијата на Стратегијата за развој на полицијата. Мониторингот треба да се прави на три нивоа: централно, регионално и локално. Второстепена контрола врз секојдневната имплементација на ова стратегија ќе биде Секторот за стратешко планирање и контрола на квалитет при МВР.

Крајна контрола врз имплеменатцијата и работата на мониторинг единиците ќе биде извршена од страна на меѓународни експерти на дневна база почнувајќи од 2017-2020 година.

•••

Одобрил:

**М-р Горанче Савовски**
Директор на Биро за јавна безбедност

Согласен:

**Оливер Спасовски**
Министер за внатрешни работи